

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2020-2024

# Содржина

ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ..... 3
ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН ..... 4
ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 4
ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН ..... 5
МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 8
ВАЖНОСТА НА ТУРИЗМОТ ЗА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 9
ТРЕНДОВИ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР ..... 12
ВИЗИЈА ЗА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 13
ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 13
ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 13
ВЕБ ПОРТАЛ ..... 15
БИЗНИС ЗАЕДНИЦА ..... 15
ГЕОГРАФСКА МЕСТОПОЛОЖБА И КЛИМА ..... 15
ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ..... 16
СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ ..... 16
ОБРАЗОВАНИЕ ..... 16
ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ ..... 16
ПРИСТАПНОСТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 17
ПРИРОДНИ И АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 17
ПРИРОДНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ ..... 17
ДЕМИРКАПИСКА КЛИСУРА ..... 17
ПЕШТЕРИ ..... 18
РЕКАТА ВАРДАР ..... 18
ДОЛИНА НА КАКТУСИТЕ ..... 18
ОСТАНАТИ ОБЈЕКТИ И ЛОКАЛИТЕТИТИ ..... 19
АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ ..... 19
АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ ..... 19
ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ ..... 21
АРХИТЕКТУРА И ГРАДБИ ..... 22
МУЗЕИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ УСТАНОВИ ..... 22
РЕЛИГИОЗНИ ОБЈЕКТИ ..... 23
МАНИФЕСТАЦИИ ..... 24
УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 25
УГОСТИТЕЛСТВО ..... 25
СМЕСТУВАЊЕ ..... 25
ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ ..... 25
КОНФЕРЕНЦИИ ..... 25
ВИНАРИИ ..... 25
ТАКСИ КОМПАНИИ ..... 27
СТОПАНСКИ КАПАЦИТЕТИ ..... 27
БАНКИ ..... 27
ПОШТИ ..... 27
ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ..... 27
ФАРМАЦИЈА ..... 27
БЕНЗИНСКИ ПУМПИ ..... 27
ПАЗАРИ ..... 28
СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ ..... 28
СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ..... 28
АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ..... 28
РЕКРЕАЦИЈА ..... 28
ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ ..... 30
АКЦИОНЕН ПЛАН, СТРАТЕШКА ЦЕЛ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ ..... 31
МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 45
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 46

**Изработиле**

**Работен тим од ТУРИСТИКА Скопје:** Дејан Методијески, Оливер Филипоски, Чедомир Димовски, Емилија Тодоровиќ, Нако Ташков, Милена Талеска, Кристијан Џамбазовски, Никола Цуцулески, Младен Мицевски.

**Учесници во работилниците од страна на администрацијата на општина Демир Капија:** Лазар Петров, Анета Ристова, Анета Динова, Евгенија Ѓорѓиев, Даниела Трајкова, Благој Јовановски, Благој Гелев, Јулијана Ристова, Стефанија Соколовиќ, Сузана Крстова, Невенка Атанасова, Тони Петков.

**Учесници во работилниците од страна на туристичкото стопанство во општина Демир Капија:** Марија Митрева, Живко Шипинковски, Петре Пашоев, Игор Николовски, Глигор Зафиров, Пејко Димитриев, Александар Кленов, Панче Лазаров, Димитар Јаневски, Звонимир Будимировиќ, Александра Илиева, Тодор Ќимов, Вгусе Knolhoff, Ќиро Ѓорѓиев.

**Фотографии:** Драган Таневски, Винарија Попова Кула, Винарија Кралица Марија, Спортски клуб Клисура, Орданче Петров, Радостин Сабев.

**Дизајн:** Стојан Каевски

**Лектор:** Толе Белчев

# ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Територијата на општина Демир Капија е распослана во јужниот дел на Македонија, односно југоисточниот дел на Тиквешката котлина, на исклучително важна географско-стратегиска позиција. Нејзината одлична местоположба, железничката линија и близината до автопатот Е-75 ја прават лесно достапна за сите патници и туристите. Одличната клима, чистата средина и плодородната почва создаваат идеални предуслови за производство на квалитетно грозје, ракија и слично вино кое опојно мириса и само со една голтка ве освојува засекогаш. Демир Капија има поднебје каде успеваат најразлични сорти на виновата лоза што допринело за изградба на повеќе винарски визби на ова подрачје.

Убавините на уникатната Демиркаписка клисура претставуваат посебна атракција за туристите и минувачите кои се восхитуваат на ова величествено творештвото на природата. На подрачјето на Демир Капија течат три реки: Вардар, Дошница и Бошава. Автентичната демиркаписка природа овозможува идеални услови за развивање и практикување на спортови во природа како што се: алпинизам, спортско качување по карпи, планински велосипедизам и кајакарство. Ова место е предизвик и за спелеолозите кои доаѓаат овде да ги истражуваат двете локални пештери- Бела Вода и Змејовец.Во Демир Капија се наоѓа и музејот на виното, кој е единствен од овој вид во нашата држава и истиот располага со археолошка и винска галерија.



Туризмот е важна стопанска гранка која допринесува за поголем економски раст и развој на една општина. Земајќи ги во предвид природните потенцијали на општина Демир Капија, локалната самоуправа континуирано се залага и работи во насока на промовирање и развој на винскиот и авантуристичкиот туризам. За таа цел секоја година традиционално во организација на општина Демир Капија се одржуваат културни и спортски манифестации (Недела на традицијата-Св. Трифун, International Outdoor Festival) кои се атрактивни како за домашните, така и за странските туристи.

Единицата на локална самоуправа на Демир Капија ги препознава овие потенцијали за развој на туризмот, кој како важна стопанска гранка во голема мера ќе придонесе за подобрување на локалниот економски развој и затоа ја донесува оваа Стратегија за развој на туризмот во општина Демир Капија. Стратешкото планирање ќе им овозможи на сите чинители правилно насочување и искористување на потенцијалите за брендирање на Демир Капија во препознатлива винска и авантуристичка дестинација.

**Лазар Петров**

градоначалник на општина

Демир Капија






# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија е суверена и демократска држава сместена во централниот дел на Балканскиот полуостров. Векови наназад била врска помеѓу источните и западните светови, како од географски, така и од политички и културен аспект. Иако релативно мала по територија, земјата изобилува со прекрасна природа и со културно-историско наследство кои се едни од основните фактори за развојот на туризмот.

Република Северна Македонија се граничи со следниве земји: Србија и Косово на север, Бугарија на исток, Грција на југ и Албанија на запад. Главен град на државата е Скопје со население од над половина милион жители.

Други поголеми градови во земјава се: Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Велес, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кичево, Кавадарци и Кочани. Секој од овие градови нуди специфично гостопримство за себе и богат избор на атракции кои привлекуваат посетители. Северна Македонија зафаќа територија од 25 713 km², на која живеат над два милиона жители.

Република Северна Македонија е мултиетничко и мултикултурно општество и во неа се практикуваат разни религии. Во поглед на релјефните карактеристики, во земјата преовладуваат планини и котлини; исто така среќаваме голем број реки, езера, пештери, клисури, кањони и др. Дури 80% од целокупната територија на земјата се планини, додека останатите 20% се зарамнето ниско земјиште. Иако е континентална земја, Северна Македонија има голем број реки, шеснаесет планини повисоки од 2 000 m, и повеќе од 50 езера, од кои најзначајни за развојот на туризмот се Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, каде што се наоѓаат убави и атрактивно уредени плажи. На планините се наоѓаат модерни ски-центри кои се отворени за посетителите како во зимската,

така и во летната сезона. Климатските услови се поволни и овозможуваат посета на позначајните локалитети во текот на целата година. Земјата е богата со разновиден растителен и животински свет и располага со три национални паркови. Се среќаваат предели со прекрасна вегетација, со густи шуми, со ендемични растенија и инсекти, со ретки животни, птици, влекачи, разни видови риба и др.

За влез во Северна Македонија, постојат 14 гранични премини и два аеродрома: во Скопје и во Охрид. Градовите во земјата се поврзани меѓусебно со редовен автобуски превоз преку солидна патна мрежа, во поголемиот дел од нив постои локален автобуски превоз, такси компании и рент-а-кар. Железничката мрежа е недоволно развиена и побавна, а бродски транспорт има на езерата.

Во Северна Македонија постојат голем број продавници и занаетчиски дуќани во малопродажниот сектор, како и модерни шопинг-центри, затворени и отворени пазари, каде што може да се купат најразлични стоки и производи. Урбаните и руралните средини во земјата имаат богата понуда на различни културни настани и манифестации, музеи, галерии и културно-историски споменици што можат да бидат посетени. За збогатување на престојот на посетителите, на нивно располагање стојат над 400 регистрирани туристички агенции, голем број лиценцирани туристички водичи на повеќе јазици и туристички информативни центри во неколку градови.

На развојот на туризмот, како една особено важна дејност во Република Северна Македонија, се посветува особено внимание преку креирање на политики и мерки за најдобро искористување на сите потенцијали на туризмот и за негова успешна промоција.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН

Вардарскиот регион се простира во централниот дел на Република Северна Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овче Поле. Зафаќа површина од 4042 km или 16% од територијата на Република Северна Македонија. Вардарскиот плански регион се граничи со Грција од јужната страна, но граничниот премин „Пулевец“ сè уште не е активиран. Овој граничен премин може да биде од исклучително значење за поттикнување на прекуграничната соработка со Грција, како и поттикнување на развојот на регионот, првенствено поради тоа што преминот би обезбедил побрз пристап до ски центарот Кожуф.

Едни од најзначајните патишта кои што ја поврзуваат Северна Македонија со останатите земји минуваат токму низ овој регион. Коридорот 10 и магистралниот правец М-5 го поврзуваат регионот со сите делови од земјата, а и земјата со регионот (соседните земји). Коридорот 10 ја поврзува Северна Македонија на север со Европа, а на југ со Солун и Солунското пристаниште. Истиот поминува низ Вардарскиот регион и всушност е реализиран преку автопатот Е-75 и железничката пруга. Низ Вардарскиот плански регион минува дел од железничката линија Скопје-Велес-Гевгелија-граница со Грција во должина од 106.6 km, како и дел од линијата Велес-Битола (45 km), линијата Градско-Сивец (16.3 km) и дел од линијата Велес-Кочани (15.6 km). Вкупната должина на железничката мрежа изнесува 183.5 km. Постојната патна инфраструктура во Вардарскиот плански регион се состои од 1005 km локални патишта, 99 km државни патишта и 370 km регионални патишта. Главни патни правци кои што го поврзуваат овој регион со другите се државниот пат А1 (Скопје-Велес-Неготино-Гевгелија-Граница со Грција и врска со А1–Росоман-Прилеп), државниот пат А3 (Велес-Врска со А4 – Штип) и државниот пат А4 (Куманово-Свети Николе-Штип).



Во овој регион влегуваат 9 општини во кои се лоцирани 215 населени места. Општините кои влегуваат во состав на регионот се: Свети Николе, Кавадарци, Велес, Градско, Неготино, Росоман, Чашка, Демир Капија и Лозово. Речиси половина (четири) од општините во регионот се рурални.

Местоположбата на Вардарскиот плански регион, бројните културни споменици и локалитети создаваат поволна клима за развој на повеќе видови туризам, особено на транзитниот и алтернативниот туризам, особено винскиот. Имено, 45 % од лозовите насади во земјата се наоѓаат во Вардарскиот регион, а големиот број винарии имаат можност на туристите да им понудат различни видови активности: дегустации на вино и традиционална храна, берба и производство на вино, прошетки по винските патеки и сл.

Вардарскиот плански регион се одликува со големо природно богатство од различни категории (паркови на природата, предлог национални паркови, научно-истражувачки природни резервати, споменици на културата и др.). Убавините кои ги пружа природата во овие краишта се привлечни како за домашните така и за странските туристи. Исто така овој регион располага и со богато културно наследство: цркви, манастири, археолошки локалитети, споменици и сл. Доколку на природното и културното наследство им се додадат бројните културни, спортски и гастрономски манифестации кои се организираат, слободно може да се каже дека Вардарскиот регион изобилува со одлични можности за развој на туризмот и пласирање различни видови туристички производи на пазарот.

Природни атрактивности во Вардарскиот регион: Тиквеш, строго заштитен природен резерват кој се наоѓа во јужниот дел на Тиквешкото Езеро; Таорска Клисура, научноистражувачки природен резерват; Корица, споменик на природата; Караслари, споменик на природата; сливот на реката Тополка, научноистражувачки природен резерват; Превалец, споменик на природата; Пештера Макаровец, споменик на природата; Пештера Четири Врати, споменик на природата во клисурата Пешти; Пашин Мост, споменик на природата; Уланци, споменик на природата; Енешево, посебен природен резерват; Црни Ореви, споменик на природата; Клисура Демир Капија, споменик на природата; Пештера Горен Змејовец, споменик на природата; Пештера Бела Вода, споменик на природата; Студена Глава Рид-Трник, научно-истражувачки природен резерват; Краставец, споменик на природата; Пашин Мост, споменик на природата; Дреночка Клисура, споменик на природата; Пешти, строг природен резерват; Пешти е куса клисура; Мешник, научно-истражувачки природен резерват; Голем Козјак, резерват на одделни растителни и животински видови; Калница, споменик на природата; Кале Бањичко, споменик на природата; Арамиска Пештера, споменик на природата; Галишка Пештера, споменик на природата. Ѓаволски рид, геоморфолошка појава на планината Богословец; Рид Св.Илија, каде длабоко е врежан ликот на светецот и др.

Вардарскиот регион има богата хидрографска мрежа. Во него влегуваат реките: Вардар, Отовица, Тополка, Бабуна, Брегалница, Црна река, Луда Мара, Бошава, Светиниколска река, Река Мавровица, Река Оча, Беличка река, Река Пештери, Клисурска река, Дренска река, Кавадаречка река, Стара река, Иберлиска река, Бистричка река, Река Раец, Река Мала Јаворица, Каменица, Водовратска река, Река Дошница, Виничанска река, Страгарница, Вешка река, Копришница и Моминска река. Овие реки се богати со водопади и тоа: Копришнички водопади на реката Копришница и Моминска река, десет водопади кои се наоѓаат кај селото Копришница, најпознат е Момински водопад, водопад на реката Бабуна кој се наоѓа во изворишниот дел на реката со височина од околу 15 м. Во регионот има и неколку вештачки езера: Тиквешко Езеро, Подлешко Езеро, Моклишко Езеро на река Луда Мара, Езеро Младост на реката Отовица, Езеро Паљурци на реката Луда Мара, Лисиче на реката Тополка, акумулација Мавровица на Орелска Река.

Главни планини во Вардарскиот регион: Јакупица, Кожуф, Бабуна, Голешица, Даутица, Клепа, Кучукол, Градишка Планина, Манговица, Конечка Планина. Највисок врв е Солунска глава (2538 м) на Јакупица, Зелен брег (2166 м) на планината Кожуф, Бел Камен (2074 м) на планината Даутица, Лисец (1938 м) на Голешница, Војчјак (1159 м) на планината Конечка и др.

Културни знаменитости и објекти: Палеонтолошките локалитети: Карслари, Превалец, Калница; Археолошките локалитети: Стоби, Градиште Била Зора, Абдови Карпи, Алишовски Пат, Гумења, Дупен Камен, Тумба, Црква, Градиште

Антигонеа, Криво Мовче, Крстопат, Мост, раткин Дол, Мрамор, Врчви, Сулинар, Тулана, Ќерамидница-Црна Круша, Манастир, Бандера-Бошевица, Будур Чифлик, Градина, Кул на Постирец, Рамниште, Римски пат, Црквиште, Ќуровец и др.; Знамениотсти: Градски саат, Камен мост, Спомен костурница во Велес, Спомен костурница во Кавадарци; Спелеолошки локалитет Пешти, Стари град и други објекти; Религиозни објекти: Маркова црква (Пешна), Манастир Св. Димитрије, Црква Св. Пантелејмон, Црква Св. Спас, Св. Недела, Св. Јован (општина Велес), Св. Никола (Башино Село), Црква Св. Илија (С'лп), Црква Св. Атанасие (с. Новачани), Црква Св. Вознесение Христово (с. 'Рлевци), Црква Св. Ѓорѓи (с. Црквино), Св. Ѓорѓи и Св. Атанасие во Неготино, Св. Ѓорѓи - Полошки манастир, Св. Никола (с.Моклиште), Св.Богородица (с.Дреново), Маркова црква (с.Драдња), Св. Богородица (с.Дабниште), Св. Спас (с.Праведник), Св. Атанасие (с.Галиште), Манастир Св. Архангел Михаил (Горно Чичево), Црква Св. Василије (с. Грнчиште), Црква Св. Атанасие (с. Долно Чичево), Црква Св. Никола (с. Ногаевци), Црква Св. Троица (с. Подлес), Црква Св. Атанасие (с. Свеќани), Манастир Св. Константин и Елена (с. Свеќани), Црква Св. Спас (с. Уланци), Црква. Св. Троица (с. Убаого), Св.Богородица (Демир Капија), Св. Никола (с.Клисура), Црква Св. Ѓорѓи (с. Бистрица), Црква Св. Богородица (с. Бистрица), Црква Св. Илија (с. Богомила), Црква Св. Атансија (с. Богомила), Црква Св. Никола (с. Крајници), Црква Св. Никола (с. Крнино), Црква Св. Петар и Павле (с. Папрадиште), Црква Св. Атанасие (с. Војница), Црква Св. Атанасие (с. Теово), Црква Св. Никола (с. Мокрени), Св. Никола, Света Богородица и Св. Недела во Свети Николе, Св. Јован Богослов (с. Богословец) и др.



Културни настани и манифестации: Рацинови средби во Велес, Меѓународен фестивал на Античка драма Стоби во Градско, Во срцето на Македонија (меѓународна фолклоријада во Градско), Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" во Велес, Детски Рационови средби во Велес, Меѓународен фолклорен фестивал во Велес, Недела на виното Св. Трифун во Неготино, Тиквешки гроздобер во Кавадарци, Св. Трифун во Кавадарци, Недела на традицијата Св.Трифун во Демир Капија, Праскобер во Росоман, Пролет-Смеа-Љубов во Св. Николе, Априлијада во Св. Николе, Тодорица (меѓународен фестивал на изворен фолклор) во Св. Николе, Културно Лето во Свети Николе, Детска ликовна колонија во Чашка и др.



Спортски настани и манифестации: Вардарска регата во Велес, Турнир во одбојка на песок во Велес, Мото бич парти во Велес, Турнир во мал фудбал во Демир Капија, Пеливански борби во Лозово, Ноќен турнир во мал фудбал во с. Лозово, Меморијален турнир во кошарка Горан Трајчев Шлем во Свети Николе, Турнир во мал фудбал во Св. Николе, Турнир во шах во Св. Николе, Турнир на Меѓународен риболов во Св. Николе, Параглајдинг Куп во Чашка, Интернационален outdoor фестивал во Демир Капија, Турнир во street ball во Неготино, Велосипедски настан АЗОТ МТБ Предизвик во с. Богомила, Меѓуетнички турнир во мал фудбал во Чашка и др.

Гастрономски настани и манифестации: Питијада во Велес, Компиријада во Чашка, Саем на здрава храна во Чашка, Национален натпревар за најдобра традиционална трпеза во Демир Капија и др. Тука треба да се вбројат и дегустациите кои ги организираат винариите. Најпознати винарии во Вардарскиот регион се: Тиквеш, Повардарие, Бовин, Сковин, Попова кула, Попов, Кралица Марија, Дудин и др.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за развој на туризмот во општина Демир Капија е значаен документ кој ги посочува потенцијалите и можностите за одржлив туристички развој на овој простор. Стратегијата има повеќе цели како приказ на природните и антропогените туристички вредности, услугите, активностите и видовите на туризам кои може да се развиваат. Методологијата на изработка на стратегијата произлегува од посочените цели. Чекорите кои беа преземени при изработката на стратегијата се следните: иницирање на соработка; одржани состаноци и поставување на цели за изработка на стратегија за туризам на општина Демир Капија; формирање на тимови, преглед на литература и теренски истражувања; организација на работилници со заинтересираните страни; пишување, дизајн и презентација на стратегијата и усвојување на стратегијата.




При изработката на стратегијата се користени следните истражувачки методи и инструменти: анализа на содржината на европски и светски планови и стратегии за развој на туризмот; анализа на законската регулатива поврзана со туристичката и угостителска дејност; анализа на статистички извештаи поврзани со угостителството и туризмот; квалитативни истражувања (работилници и фокус групи); спроведување на неструктурирани интервјуа; креативно размислување; теренско истражување со фотографирање; кабинетска анализа на релевантна литература, библиографија и интернет извори; картографска анализа; 6А рамка за анализа на дестинацијата и др. Стратегијата е изработена согласно постоечката туристичка политика во нашата земја, консултирајќи ги соодветните планови, програми и стратегии, а како по значајни ќе ги издвоиме: Национална стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија 2016-2020; Национална стратегија за развој на руралниот туризам 2012-2017; Национална стратегија за развој на здравствен туризам 2012-2018; Потстратегија за развој на спортски туризам со акционен план 2015 – 2018; Потстратегија за традиции и настани; Потстратегија за развој на „MICE“ (конгресен) туризам; Програма за развој на Вардарскиот плански регион 2015-2019; Регионална стратегија за иновации на Вардарскиот плански регион до 2020 година; Регистар на потенцијали за развој на рурален туризам во Вардарскиот плански регион; Стратегија за локален економски развој на Општина Демир Капија 2015-2020.

Во чекорите на изработка на стратегијата земени се предвид интересите на заинтересираните страни, како:

√ Локално население кое живее или работи во дестинацијата и обезбедува локални ресурси за посетителите;

√ Бизнис заедница која е заинтересирана е за развој на туристичката дестинација бидејќи обезбедува туристички производи и услуги;

√ Јавен сектор кој е заинтересиран за вработување, поттикнување на регионалниот развој и зголемување на

вкупниот приход и има важна улога во развојот на туристичката дестинација;

√ Останати учесници како невладини организации, асоцијации, инвеститори, занаетчии итн.;

√ Посетители и туристи (постоечки и потенцијални) кои ги користат туристичките производи и услуги во дестинацијата.

Дефинициите кои се користат во стратегијата за одредени термини поврзани со туризмот и туристите се следните:

√ Домашен турист е лице со постојано место на живеење во Република Северна Македонија кое привремено престојува во друго место надвор од местото на своето постојано живеење и преноќева најмалку една ноќ во угостителски или друг објект за сместување на туристи;

√ Странски турист е лице со постојано место на живеење надвор од Република Северна Македонија кое привремено престојува во Република Северна Македонија и преноќува најмалку една ноќ во угостителски или друг објект за сместување на туристи;

√ Посетител е лице кои се задржува во дестинацијата која не е негово постојано место на живеење во временски интервал од неколку часа без да оствари ноќевање;

√ Туристичка дестинација е географска област во која постојат сите елементи кои се релевантни за еден одмор (пејзаж, флора, фауна, климатски услови, атракции, објекти за сместување, објекти за забава) и

√ Туристичка атракција е место на интерес кое туристите го посетуваат типично поради неговата културна вредност, историско значење, природна или изградена убавина или можности за забава.

## ВАЖНОСТА НА ТУРИЗМОТ ЗА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Туризмот денес претставува своевиден феномен, појава која е присутна во сите земји во светот и бележи се поголем раст на глобално ниво. Не постои земја во светот која не развива некаков вид на туризам или држава каде граѓаните не се вклучени во туристичко патување и движење надвор од своето постојано место на живеење. Вклучувањето на туристите во патувања е поради различни причини како бизнис, задоволство, религија, спорт и рекреација или други причини. Големата улога која ја има туризмот, како од аспект на културниот просперитет, така и поради економскиот бенефит за дестинациите ќе го поткрепиме со податоците кои ги дава Светската туристичка организација при Обединетите Нации: доаѓањата на туристи во 2017 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1.326 милиони; туристичката потрошувачка изнесувала 1.340 милијарди американски долари; туристичката индустрија учествувала со 10% во глобалниот бруто домашен производ и секој единаесетти вработен човек во светот, е вработен во овој сектор. Податоците со кои располагаме ни укажуваат на тенденција на постојан пораст на патувањата и туризмот во изминатите 60 години, а предвидувањата се движат во насока на продолжување на оваа тенденција и во иднина. Изразено во проценти, во 2017 година се бележи пораст од 7% на вкупниот број туристи, кој е најголем од 2010 година, со истовремен пораст на приходите од 5%. Од континентите во светот Европа ја има примарната улога со околу 50% учество во туристичкиот промет, како со испраќање така и со прифаќање на туристи.

Република Северна Македонија како дел Европското семејство ја следи оваа тенденција на пораст на меѓународниот туризам, а како потврда на ова ги земаме предвид податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија поврзани со туризмот кои ни укажуваат на следното:




Од графиконот 1 може да се констатира дека бројот на туристите во Северна Македонија во изминатите години бележи континуиран пораст, така што во 2010 год. бројот на туристи изнесувал 586241, а во 2018 год. истиот се искачил на 1126935, што е за 92% повеќе. Што се однесува за домашните туристи, нивниот број во 2010 год. изнесувал 324545, а во 2018 год. 419590 или за 29% повеќе.

Во 2010 год. нашата земја за посетиле 261696 странски туристи, а додека пак нивниот број во 2018 год. изнесувал 707345 или истиот се зголемил за 170%. Од ова може да се заклучи дека во последните години бројот на странски пристигнувања рапидно се зголемува, додека пак бројот на домашни туристи иако бележи пораст, сè уште е незадоволителен. Во таа насока, носителите на туристичката политика во земјава треба да развијат стратегија за зголемување на бројот на домашни туристи, но и за привлекување на уште поголем број странски посетители.

Во однос на бројот на остварени ноќевања во анализираниот период, може да се каже дека во 2010 год. тој изнесувал 2020217, а истиот во 2018 год. се искачил на 3176808, што е за 57,3% повеќе. Домашните туристи во 2010 год. оствариле вкупно 1461185 ноќевања, а во 2018 год. 1685273, што е за 15,3% повеќе. Од друга страна, странските туристи во 2010 год. оствариле вкупно 559032 ноќевања, а во 2018 год. тој број изнесувал 1491535, што значи дека се зголемил за 166,8%. Како и кај бројот на гости, забележливо е зголемувањето на бројот на ноќевања кои го оствариле странските туристи, на сметка на ноќевањата кои ги оствариле домашните туристи. Во таа насока неопходни се сеопфатни анализи за преземање мерки за продолжување на престојот на домашните туристи, но и задржување на трендот на зголемување на бројот на остварени ноќевања на странските посетители во земјава.




**Графикон 2.** Број на ноќевања остварени во Република Северна Македонија 2010-2018

Во Република Северна Македонија, главните дестинации кои привлекуваат туристи се езерата, планински ресорти, бањските центри, винските региони и градот Скопје. Бројот на туристи по региони е прикажан на Графиконот 3. Во анализираниот период бројот на туристи во Вардарскиот регион бележи континуиран пораст, така што во 2010 год. тој број бил 10572, а во 2018 год. се искачил на 26439, што е за 150% повеќе. Во




**Графикон 3.** Број на туристи по региони во Република Северна Македонија 2010-2018

Источниот регион бројот на туристи во 2010 год. изнесувал 13054, а во 2018 год. 34354 или 163% повеќе. Југозападниот регион во 2010 год. го посетиле вкупно 234665 туристи, а истиот број во 2018 год. бил 419717, што е за 78,9% повеќе. Југоисточниот регион во 2010 год. го посетиле вкупно 84856 туристи, а во 2018 год. вкупно 160173, што е за 88,7% повеќе. Пелагонискиот регион во 2010 год. имал 69712 посетители, а во 2018 год. бројот се искачил на 70798 или само 1,6% повеќе. Полошкиот регион во 2010 год. имал 31828 посетители, а во 2018 год. 37091 или за 16,5% повеќе. Североисточниот регион во 2010 год. го посетиле вкупно 3098 туристи, а во 2018 год.,10820 или за 250% повеќе. Во Скопскиот регион во 2010 год. имало вкупно 138456 туристи, а во 2018 год. вкупно 367597 или 165,5% повеќе. Статистичките податоци за туризмот во Вардарскиот регион каде спаѓа општината Демир Капија се следните:




**Графикон 4.** Број на туристи во Вардарскиот регион 2010-2018

Во Графиконот 4 е претставен бројот на домашните и странските туристи во Вардарскиот регион во периодот од 2010 до 2018 година. Од него може да се види дека низ годините постои тренд на негово континуирано зголемување, така што во 2010 година Вардарскиот регион го посетиле вкупно 10572 туристи, а осум години подоцна 26145, што е за околу 150% повеќе. Во однос на домашните туристи, нивниот број во 2010 година изнесувал 4166, а во 2017 година истиот бил 8969, што е за 115% повеќе. Од друга страна, Вардарскиот регион во 2010 година го посетиле вкупно 6406 странски

туристи, а нивниот број во 2018 година изнесувал 17416 или истиот се зголемил за околу 172% повеќе. Од ова може да се заклучи дека во анализираниот период речиси двојно се зголемил бројот на странски, во однос на бројот на домашни туристи.

**Графикон 5.** Број на ноќевања во Вардарскиот регион 2010-2018




Создавањето разновидна и автентична туристичка понуда, постигнување конкурентна цена, соодветна промоција и сл., се само некои од активностите кои носителите на туристичката политика треба да ги применат за задржување на позитивниот тренд и зголемување на бројот на туристите. Во Графиконот 5 претставен е бројот на ноќевања кои ги реализирале домашните и странските туристи во Вардарскиот регион во периодот од 2010 до 2018 година. Од него може да се види дека во анализираниот период присутен е тренд на континуирано зголемување, така што во 2010 година во овој регион се остварени вкупно 20137 ноќевања, а осум години подоцна тој број изнесувал 48669, што е за околу 140% повеќе. Во однос на бројот на ноќевања кои ги оствариле домашните туристи, во 2010 година изнесувал 6930, а во 2018 година истиот бил 21272, што е за 207% повеќе. Од друга страна, во регионот во 2010 година остварени се вкупно 13207 ноќевања од страна на странските туристи, а тој број во 2018 година изнесувал 27377 или истиот се зголемил за околу 107% повеќе. Од ова може да се заклучи дека во анализираниот период речиси трипати се зголемил бројот на ноќевања кој ги оствариле домашните туристи, а тој број двојно се зголемил кај туристите од странство. Зголемувањето на бројот на ноќевања пред се зависи од разновидноста на туристичката понуда во регионот, анимациските содржини за време на престојот и подготвеноста на сите заинтересирани страни да земат активно учество во креирање и реализација на туристичките услуги.

Доколку гоземеме предвид спроведеното анкетирање на странските туристи, од страна на Државниот завод за статистика би можеле да го направиме следниот профил на странските туристи:

√ Остваруваат по 2,37 ноќевања;

√ Просечниот трошок за ноќевање изнесува 8.923 денари;

√ Целта на престојот се деловните обврски, а на второ место одморот и рекреацијата;

√ Поголемиот дел индивидуално го организираат своето патување;

√ За земјата најчесто се информираат преку електронски медиуми (ТВ, радио, Интернет);

√ Во земјава најчесто пристигнуваат со автомобил или редовен авионски лет;

√ Од исхраната во објектите за престој најчесто користат само појадок;

√ Претходно престојувале повеќе пати во нашата земја;

√ Престојот во најголемиот дел го остваруваат во друштво на членови од семејството;

√ По професија се занаетчии и сродни работници;

√ Плаќањето го вршат во готово или преку картичка;

√ Комфорот на сместувањето го оценуваат како многу добар;

√ Рестораните и услужниот персонал го оценуваат како многу добар;

√ Можноста за организирање конференции исто така многу добра.

Топ рангираните места на „Trip Advisor“ кои се лоцирани во Вардарскиот регион се: Винарија „Тиквеш“, Кралска Винарија „Кралица Марија“, езеро „Младост“, археолошкиот локалитет „Стоби“, Музејот во Неготино и Музејот во Демир Капија

## ТРЕНДОВИ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР

Стратегијата за туризам на општина Демир Капија има за цел да ги инкорпорира во себе актуелните потреби и современите трендови на туристичкиот пазар во светот, а истите се прикажани преку реално остварливи решенија кои ги земаат предвид потенцијалите и можностите на општината. Глобалните трендовите кои се предвидува дека ќе имаат големо значење во идниот развој на туризмот се следните:

Сите аспекти поврзани со здравјето (фитнес, спа, физички активности и др.) во блиската иднина ќе добијат дополнително значење. Иако зголемената свест за здравјето нема да влијае на обемот на побарувачка, тоа секако ќе влијае на донесувањето на одлуки во врска со дестинациите и однесувањето и активностите за време на одморите. Во овој сегмент карактеристичен е пораст на конкуренцијата, со вложувања на приватен капитал во надградување на старите здравствено бански објекти и рекреативни спа центри.

Современото општество го зголемува притисокот врз секојдневниот живот на луѓето, и ја поттикнува желбата за повеќе слободно време за одмор и релаксација - што ќе има негативен ефект врз зголемувањето на слободните приходи. За туризмот, овој тренд по дефиниција е неповолен.

Пософистицираните потрошувачи се сè повеќе самоуверени во однос на своите потреби и права. За туризмот, ова резултира во сè поголем критички став кон квалитетот и соодносот цена-квалитет.

Користењето на интернет за да се купат и да се споредат туристички производи и услуги постојано ќе се зголемува. Како резултат на тоа, потрошувачот ќе преземе се поголема контрола. Ќе се направат нови системи за електронска наплата, безбедни кредитни картички, е-паричник и сл. Овие достигнувања ќе направат трансферот на пари да биде полесен и да се надмине загриженоста во врска со прекумерна наплата на пренос, девизниот курс и безбедноста на движењето на парите преку интернет.

Во иднина луѓето ќе живеат подолго, а со тоа повозрасните старосни групи ќе се зголемат. Овие „здрави“ сениори ќе имаат многу слободно време. Но исто така, младинскиот сегмент (16-35 години), на кој отпаѓа повеќе од 20% од глобалниот туризам е важна целна група за во иднина.

Климатските промени влијаат па дури и се закануваат на одредени туристички дестинации кои се зависни од нивната природна средина. Намалувањето на глечерите во Европа е само еден доказ за глобалното затоплување. Сепак за реалните ефекти од климатските промени сè уште постојат соменжи.

Глобалната економија и понатаму ќе расте. БРИК економиите, Бразил, Русија, Индија и Кина најверојатно ќе бидат најбрзо растечките нации. Глобалната трговија со потрошувачки стоки и услуги и понатаму ќе расте. Услугите (вклучително и туризмот) ќе добијат на значење во светската економија.

Трошоците за социјални, здравствени, образование, пензии и други услуги во иднина ќе растат што ќе ги принуди владите да ги зголемат даноците. Загриженоста за прашањата во врска со безбедноста, здравството и имиграција ќе доведе до поголема контрола на патувањата од страна на владите.

Терористичките напади врз туристите и туристичките дестинации доведе до поголемо чувство на несигурност. Медиумите дополнително влијаат кон зголемување на стравот од овие закани. Исто така, природните катастрофи, кои се чини дека се појавуваат почесто отколку во минатото штетат на туризмот. Сепак, докажано е дека опсегот на внимание на потрошувачите е релативно мал, а тоа е и така затоа што луѓето знаат дека не можат да сторат ништо во врска со тоа.

Во иднина се очекува да има помалку разлики во дестинациите. Се повеќе ќе исчезнуваат уникатни места. Во минатото, патувањето било луксуз, но денес е нормален дел од животот. Се зголемува бројот на одмори во последен момент и кратки патувања. Слободата да се патува ќе се прошири кон трендот на постари родители и пораст на семејства со еден родител. Нови групи заедници кои имаат заеднички интереси забрзано стануваат главен извор на ориентациско знаење, забава и безбедност. Во странските држави се забележува повисока побарувачка на производи за добро состојба, здравје и фитнес, справување со стрес како и медицински услуги.

Потрошувачите бараат совети од други корисници преку интернет.

Квалификуваните потрошувачи е веројатно да знаат повеќе за специфични производи отколку експертите за патувања. Исто така ќе има растечки инвестиции во интернет стратегиите за промоција и во нови техники на истражување. Дополнително јавните приватни партнерства стануваат поважни за туристичкиот маркетинг, бидејќи владите се обидуваат да се зголеми инволвирањето на акционерите и маркетинг буџетите.

Автомобилите се средство за превоз во 70% од сите туристички патувања и ќе останат најважното превозно средство. Ниската достапност до градските центри и евтиниот авио превоз имаат негативно влијание на патувањето со автобуси. Исто така, порастот на авио патувањата би можел да се намали поради трошоците за гориво, безбедност и аеродромски такси. Владите инвестираат повеќе пари во патувањата со железница, посебно со експресните линии.

## ВИЗИЈА ЗА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

При креирањето на управувачките документи, составен дел од стратегиите е поставувањето на визија и мисија како основа за понатамошен развој.

Визијата на стратегијата за развој на туризмот е „Демир Капија е општина во еколошки чиста средина, препознатлива како туристичка дестинација од страна на домашни и странски туристи и посетители со изградена инфраструктура за развој на туризмот". Мисијата на оваа стратегија е следната „Зголемување на економските и социјални бенефити на територијата на општината кои произлегуваат од туризмот".

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

## ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Историското минато на Демир Капија е поврзано со надалеку познатата Демиркаписка клисура, место од кое што започнувале и завршувале многу воени походи и место кое било седиште на посебни феудални господари. Минатото на Демир Капија отсекогаш било предизвик за проучување и пишување на бројните патописци, хроничари, научници итн.




Според досегашните наоди може да се потврди дека на просторот пред тунелот, нешто јужно од денешна Демир Капија постоела една пајонска населба. Откриени се тврдини на брегот покрај клисурата како и гробна некропола кои се карактеристични за сите илирски и пајонски племиња во Македонија. Најпрво се споменува населба под името стар римски град Стенае. Во средниот век покрај денешната општина се споменува утврдениот град Просек-теснина, кој се наоѓал на левата страна на реката Вардар. За овој град има повеќе пишани податоци, особено оние поврзани со имињата на феудалните господари Добромир Хрст и Добромир Стрез. Самиот град имал улога на стратешко место поради што кон крајот на 9 век, Бугарите ја преземале оваа територија од Византија. Подоцна овој простор потпаѓа под власта на Цар Самуил, а потоа повторно под Византија. Некогашната градска населба е утврдена со ѕидини, а од јужната страна е природно заштитена. Во римскиот дел на градот се откриени остатоци од канализација, керамика, стакло и др. На овој простор подоцна е подигната црква која најверојатно датира од 9 или 10 век. Судејќи според пронајдените гробови и гробните наоди, црквата била во употреба сè до 15 век кога била урната и напуштена.

Со доаѓањето на Османлиите населбата престанала да функционира бидејќи месното население било раселено на нова локација неколку километри на север во местото наречено Бања, според топлите водени бањa кои на овој простор постојат од многу старо време. Денес таа населба се вика град Демир Капија. За време на владеењето на Османлиите селото Бања каде што живеел народот пребеган од Просек било претворено во крупен феудален посед на различни турски бегови, со што населението било зависно од турските феудалци кои располагале со нивниот живот и слобода. Дури по протерувањето на Османлиите во 1912-1913 година, населението во селото

почнало да живее послободен живот. Името на општина Демир Капија има турско потекло, турскиот назив Демир Капи, во превод Железна Врата/Порта.

По Балканските војни, во Првата светска војна територијата на општината била освојувана од бугарски, германски, француски и српски воени сили, а пустошот кој го оставиле зад себе уште долго време се чувствувал. Интересен е податокот, дека за снабдување на источниот дел на Македонскиот фронт во Првата светска војна била изградена жичарница од Демир Капија преку Конопиште за Рожден. Оваа линија била со извесни покуси девијации, трасирана по реката Бошава. Работата била извршена во три делници. Првата била завршена кон крајот на декември 1916 година, втората во февруари и третата во март 1917 година. Целата должина на оваа жичарница изнесувала над 38 km. За подобрување на воените транспорти за фронтот кај Гевгелија пак, германските воени единици пробиле тунел низ карпите на влезот на клисурата на десниот брег на реката Вардар кај Демир Капија и пат низ клисурата кон Гевгелија. Подоцна при повлекувањето на германските и бугарските сили од фронтот, жичарницата била демонтирана, а тунелот и патот останале.



Со издлабени крупни букви во карпите над влезот во тунелот Германците напишале, дека тоа го направила 11 – та армија во времето од 1.V до 8.VII 1916 година. На еден километар јужно од тунелот, на една карпа на десната страна на патот, пак со издлабени букви, стои натпис на единицата која го правела патот и годината 1916, а над него на истата карпа стои друг натпис дека обновувањето и поправката на патот извршила организацијата ТОТ во 1941 година. Над тунелот на германски јазик стои натпис „Мекензов тунел. Вилјем II, германски цар, пруски крал им нареди на своите војници да го изградат овој пат во 1916 година“. По започнувањето на борбените операции за пробив на Македонскиот фронт во есента 1918 година, уште еднаш територијата на Демир Капија станала полигон каде што своите сили си ги одмерувале странските војски. По пробивањето на фронтот, француските сили под германскиот натпис, на француски јазик ќе напишат „Генерал Франше д’Епере, главен заповедник на сојузните источни армии, им заповеда на своите трупи да ги протераат Германците во 1918 година“.




По катастрофалниот земјотрес во 1931 година, населението од Бања било иселено на просторот кај железничката станица Демир Капија, каде започнало нов живот, биле отворени неколку трговски и занаетчиски објекти, а подоцна било отворено и училиште и други стопански објекти.

За време на Втората светска војна во овој простор се одвивале крупни настани на воен план. Поради добрата геостратешка позиција тука бил концентриран значителен број германски и бугарски војници. Борбата за населбата станале почести, а особено се прошириле во 1943 и 1944 година, со повлекувањето на германската војска од Грција. Демир Капија била ослободена во 1944 година.

По ослободувањето Демир Капија бележи подем, кој стагнира во периодот кога градот бил само седиште на Месната канцеларија. Во 1996 година Демир Капија повторно го добива статусот на општина со што се враќа пулсот на животот и се поправа економската ситуација.

Денес градот и целата општина полека, но сигурно економски заживуваат и се развиваат според стандардите на новото време и го добива заслуженото место на урбанизирана и економски стабилна општина.

Општината е раководена од градоначалник и Совет на општината составен од 9 члена. Општината е поделена на три основни сектори со соодветни одделенија.

## ВЕБ ПОРТАЛ

Општина Демир Капија раководи со официјална веб страна каде се истакнуваат сите поважни информации поврзани со работењето на општината и кои се од интерес на граѓаните, бизнис заедницата, идните инвеститори, посетители и други заинтересирани страни

(www.opstinademirkapija.gov.mk).




Други Веб страни на кои се промовираат природните и антропогените атрактивности на општината:

(www.discoverdemirkapija; www.miseumdk.mk)

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

На територија на општината стопанисуваат 108 активни деловни субјекти во следните дејности: Земјоделство, шумарство и рибарство (11); Преработувачка индустрија (9); Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината (3); Градежништво (6); Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоциклисти (38); Транспорт и складирање (13); Објекти за сместување и сервисни услуги со храна (9); Информации и комуникации (1); Стручни, научни и технички дејности (1); Јавна управа и одбрана; Задолжително социјално осигурување (1); Образование (1); Дејности на здравствена и социјална заштита (8); Уметност, забава и рекреација (1); Други услужни дејности (1).

## ГЕОГРАФСКА МЕСТОПОЛОЖБА И КЛИМА

Општината Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија, односно во југоисточниот дел на Тиквешката Котлина на исклучително важна географска-стратегиска позиција. Општината лежи на координатите меѓу 22˚ 00“ и 22˚ 30“ ширина и 41˚ 15“ и 41˚ 30“ должина, со просечна висина од 622 м. Општина Демир Капија зафаќа површина од 309 $km^2$ и се граничи со соседните општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче.




Највисока кота во Демир Капија е местото Волчјак со 1159 метри на Конечка планина, а најниска е на речното корито на реката Вардар со 85 метри. Општина Демир Капија има разнообразен и разигран терен, кој го прави

просторот богат со релјефни посебности, облици и форми. Котлината, набљудувана во целина, претставува претежно планинско и полу планинско подрачје. Планинските венци кои ја оградуваат котлината од југ, југозапад и запад се високи и нивните највисоки врвови изнесуваат над 1.500 метри. Дел од планините се пошумени со висока вегетација, а падинските делови се обраснати со ниска вегетација, а дел се голи и се избраздени од бројните порои под дејството на атмосферските води. Рамничарските и низинските терени се покрај речното корито на река Вардар и околу коритата на реките Бошавица, Дошница и другите помали водени текови. Овие рамнини ги претставуваат најниски делови на котлината и се и најплодните терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Ридестите терени се поволни за одгледување на винова лоза и за други земјоделски култури.

Географската положба на Општина Демир Капија, близината на Егејското море и конфигурацијата на теренот ги детерминираат нејзините климатски карактеристики. При тоа, во различни делови од општината се чувствуваат три климатски влијанија: медитеранско, континентално и планинско. Тие може да се опишат како: топли и суви лета, појава на мразеви во почетокот на пролетта, се до април, појава на есенските мразеви на крајот на месец октомври и почетокот на месец ноември. Температурата на земјиштето ретко е пониска од 0 ˚C, што е од особено значење за земјоделското стопанство. Просечната годишна количина на врнежите се движи меѓу 400-500 мм воден талог, а во некои години количината на врнежите се спушта и пониско и до 238 мм. Во Општина Демир Капија преовладуваат два правци на ветрови - северен (Вардарец) и јужен (Југо). Северните ветрови се силни и ладни поради што влијаат врз снижувањето на температурата, додека јужните ветрови, најчесто дуваат во текот на летото и носат големи горештини. Метеоролошката станица Демир Капија е една од најстарите во земјата, пуштена во употреба во 1938 година.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Во општина Демир Капија живеат 4.545 жители со просечна густина на населеност од 15 жители/ km². Во Општината има вкупно 8 населени места, додека пак учеството на градското население во вкупното население изнесува 75,3%. Структура на населението според националната припадност во Општина Демир Капија е следна: Македонци- 3.997 лица (87,94%), Турци – 344 лица (7,57%), Срби - 132 лица (2,9%), Останати – 72 лица (1,58%) .

Според половата структура населението во Општина Демир Капија има 2.347 мажи (51,64%) и 2.198 жени (48,36%).

Во состав на општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевац и Чифлик.

## СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ

### ОБРАЗОВАНИЕ

На територијата на општина Демир Капија се наоѓаат следните образовни институции:



√ Основно училиште „Димче Ангелов Габерот“ во кое учат 293 ученици и 4 подрачни училишта во с.Корешница, с.Бистренци, с.Прждево и с.Челевец со вкупно 354 ученици.

√ Детска градинка „Борис Трајковски“ со капацитет од 100 деца.

### ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ

Општина Демир Капија е збратимена и има соработка со општини од странство како: Пелплин - Полска, Далгопол – Бугарија, Шајра – Малта, Дикили – Турција, Горишки Брда – Словенија, Лежа – Албанија, Гвадасуар – Шпанија, Паредеш - Португалија и Виераџо – Италија.

## ПРИСТАПНОСТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Демир Капија се наоѓа на најважните сообраќајници во Република Северна Македонија: Железничката линија Белград - Скопје - Солун - Атина и меѓународниот пат Е-75. Сообраќајницата Белград - Скопје - Солун - Атина низ вековите претставувала, а и денес претставува главна сообраќајница во Република Северна Македонија, на која се надоврзуваат сите патишта што водат источно и западно од долината на реката Вардар. Првото железничко поврзување во просторот на Македонија се случил во 1873 година кога е воспоставена железничка врска меѓу Солун и Скопје со Ориенталната железница, каде имало железничка станица во Демир Капија.



Автопатот Е-75 има меридијанско протегање, преку Демиркаписката клисура на југ, ја поврзува Гевгелиско-Валандовската котлина понатаму со Солун и со Земјите на Блискиот исток. На север овој пат ја поврзува Демир Капија со Скопје и другите земји од Европа. Демир Капија преку регионалниот пат R - 109 е поврзана со Конопиште - Мушев Гроб Рожден, со R - 122 со Пепелиште - Неготино, додека преку стариот макадамски пат R - 103 со Скопје и Гевгелија. Демир Капија е оддалечена 91 километар од меѓународниот аеродром во Скопје, а на 142 километри од аеродромот во Солун.



# ПРИРОДНИ И АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

## ПРИРОДНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ

### ДЕМИРКАПИСКА КЛИСУРА

Една од најрепрезентативните клисури во Северна Македонија на реката Вардар, наречена по градот Демир Капија. Долга е 31,5 km сметано од утоката на реката Бошава до селото Удово. Демиркаписката клисура е планинска. Од источната страна е заградена со ограноците на Конечка и Градешка Планина, а на западната со Краставец и Кожуф. Страните на некои места во клисурата се високи и до 900 м, а на Карадак и Трнка Рид и до 1000 м.



Клисурата е изградена во мезозојски варовници со старост од периодите јура и креда. Варовниците имаат сива до отворени сина боја и на влезот на клисурата вертикално се издигаат со пад од 85 степени. Во Демиркаписката клисура се чувствува влијанието на средоземна клима и како последица на тоа се развила специфична вегетација. Тука се среќаваат и разновидни диви животни како што се срна, зајак, лисица, куна, јазовец, волк, еребица и др. освен нив во водите на реката Вардар живее и сомот. Во клисурата постојат и подземни карстни облици.

## ПЕШТЕРИ

На територијата на општината има поголем број на пештери од кои најпознати се Бела Вода и Горни и Долни Змејовец.

Пештерата Бела Вода е расположена покрај стариот пат за Гевгелија. Вкупната должина на пештерските канали изнесува 955 м. Дното на долниот канал постепено се издига, на места се проширува во галерии, а некаде има урнати карпи од таванот, кој го одделува од горниот канал. Горниот канал на некои места има пештерски накит. Долниот канал е млад по својот постанок и по дното има песоци, што укажува на повремен водотек низ пештерата. На крајот на каналот се наоѓа Маргаритно Езеро со пречник од 8 x 12 метри и различна длабочина од 4 до 8 м. Од фауната во Бела Вода особено има лилјаци, разни видови на пештерски пајаци и други инсекти. Во сифонските делови на пештерата се јавуваат повремени езера. Создадена е со карстна ерозија во варовнички карпи со јурска старост, односно карпи стари околу 160 милиони години. Пештерата Бела Вода е посетувана од студентите на Институтот за географија, спелеолози и месното население. Неодамна имаше интерес за вештачко проширување и „преуредување“ на влезниот дел од пештерата, со што би се изгубила автентичноста на овој интересен спелеолошки објект. За таа цел, Бела Вода е ставена на листата за прогласување на заштитено подрачје.

Пештерата Змејовец е составена од два дела: едниот дел е поголем со должина од 150 м. и има тркалезна форма, а другиот е помал и има 40 м. Пештерата е богата со украсни предмети: драпери, сталактити и сталагмити, со што може да се споредува со Постоинската Јама во Словенија. Отворот на Змејовец е голем, но затоа два и пол километри треба да се оди пеш.

## РЕКАТА ВАРДАР

Вардар е најголемата река во Република Северна Македонија со должина од 388 km и нејзиниот речен слив опфаќа површина од приближно 25.000 km². Долината и течението на реката Вардар претставуваат многу важен предел за земјата, од економско-стопански, сообраќаен и воено-стратешки аспект. Во минатото по реката Вардар се одвивала трговија и по воден пат со сплавови и чунови („гемии“), најчесто на потегот од Велес до Солун. Денес реката не е пловна, иако има некои идеи таа повторно да се направи пловна. Во денешни услови, покрај реката се изградени патеки за спортување, рекреација и пешачење, нуди можност за риболов и претставува важен мотив за туристичка посета.

## ДОЛИНА НА КАКТУСИТЕ



Месност која се наоѓа веднаш над селото Клисура кое е послано со „тепих“ од прекрасни кактуси засадени од семето кое го донесле птиците преселници. Погледот кон ридот плени со шаренилото кое ја создава црвено-зелената прекривка на малите линиски наредени растенија – зелени бодликави листови со црвени торбички во кои е сместено семето, а на лето расцутуваат и прекрасни жолти цветови. Кај нив цутењето трае долго и може да се повторува во текот на годината. Медитеранската клима во овој регион е само уште една поволност за нивно ширење во просторот, а зачудувачки е што овие прекрасни билки преживуваат и во зима кога наѕираат над снежното белило. Надополнето со недопрена природа во околината на долината, старите јавори во селото и природните извори се голем потенцијал за привлекување домашни и странски посетители.

## ОСТАНАТИ ОБЈЕКТИ И ЛОКАЛИТЕТЕТИ

Во општина Демир Капија постојат и други локалитети – споменици на природата кои со својата атрактивност привлекуваат посетители. Тоа се: шумата од источни платани (platanus orientalis) во тесното корито на Иберлиска река, природните резервати „Студена глава-рид Трнка“, „Крастовец“, „Штудер“, заштитените „Црни ореви“, Акватика паркот со можност за рекреација и пикник, локалитетот Света Петка и др.





Од културните објекти внимание привлекува локалитетот „Кинески колиби“ во подножјето на планината Кожуф. Индустриско наследство во нашата земја пронаоѓаме кај влачарницата во село Корешница. Овој објект претставува машинска работилница со технологија од првата половина на минатиот век и служи за прочистување на волната после стрижење на овците. Воденицата која се наоѓа во централното градско подрачје на Демир Капија датира од првата половина на 19 век. Поставена е покрај река и служи за мелење на жито. Водата се води низ дрвени олуци - букичиња, со пририден пад до перките на воденичкото тркало кое го придвижува воденичкиот камен.

# АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ

На територијата на општина Демир Капија постојат повеќе археолошки локалитети како сведоци на активниот живот во овој регион и потекнуваат од различни историски епохи.

Археолошки локалитет „Кале - Стрезов град“. Се наоѓа во селото Челевец, кое е лоцирано во внатрешноста на Демиркаписката клисура на масивот Мал Краставец, на вливот на Человечка река во Вардар. Локацијата на која е сместен локалитетот е варовничка карпа, што се извишува скоро вертикално и до 200 метри над реката Вардар. Во овој локалитет се наоѓа средновековната тврдина Просек, кој во пишаните документи за прв пат е спомнат во 1019 година во времето на византискиот цар Василиј II.



Откриени се архитектонски структури од една од кулите во која е дел од одбранбениот систем на тврдината, како и остатоци од рановизантиска црква и средновековни гробови во северниот и во јужниот кораб на базиликата. Остатоците од првобитната црква датираат од 6 век, а обновата од 12-13 век. Последната обнова е од 14 век кога била изградена сосема нова еднокорабна црква со трем кој целосно е вкопан во наосот на рановизантиската и средновековната црква, без притоа да ги уништи остатоците од постарите објекти. Некрополата е откриена северно и јужно од црквата каде се пронајдени 32 погребувања. Кулата всушност претставува челна кула на источната пред тврдината,

изградена на највисокиот и најдоминантен дел од тврдината на крајниот источен дел, доминирајќи со 10-15 метри над подолната тераса од каде што е најпристапниот пат од југ, исток, како и север до тврдината.



Археолошки локалитет Марков град. Внатрешната тврдина-акропола на Марков Град, е изградена од големи квадери од варовник, без малтер. Наодите од керамика од класичното и хеленистичкото време и неколкуте хеленистички монети укажуваат дека таа била користена многу векови пред римската доминација. Иако подигната во архајскиот период, техниката на ѕидањето и самиот карактер на тврдината има пајонски белег. Но, подоцна бил подигнат на доцно античкиот ѕид, ѕидан од камен и малтер, оставен од надворешната страна, на кои се гледаат остатоци од 4 кули.

Археолошки локалитет Црквиште. Се наоѓа во село Корешница, на зарамнето плато, северозападно од возвишението Јуручки Камен, односно варовничката карпа Марков град, 50-60 метри над реката Вардар. На истражниот простор откриен е дел од масивен сакрален објект – црква, со најмалку две фази на градење. Постарата датира од рановизантискиот период (5-6 век), а помладата од развиениот и доцен среден век (12-14 век). Објектот бил граден од камен, употребувајќи варов малтер како врзивно средство. Откриени биле дел од северниот и јужниот ѕид, а целосно е истражен источниот ѕид. На локалитетот исто така е откриена и некропола со повеќе гробови.

Археолошки локалитет Бања. Археолошки локалитет кој се наоѓа стотина метри западно од црквата во Демир Капија, во лозјето до вилата на кралот Александар Караѓорѓевиќ. На местото е откриено големо присуство на фрагментиран градежен материјал, карактеристичен за римскиот приод и му припаѓа на осамен објект како што е вила рустика. Во северната зона на овие лозја, утврдена е хелштатска некропола, гробови во цисти од камени плочи. Во зоната на локалитетот Бања се наоѓа и турски амам.

Археолошки локалитет Автопат. Претставува храм од рано античко и римско време. Се наоѓа северозападно од Демир Капија, покрај железничката пруга Скопје-Гевгелија. Со работите на автопатот, на местото каде е изграден пропустот клучка, биле откриени остатоци од помала градба. Се претпоставува дека се работи за светилиште посветено на диоскурите. Според наодите локалитетот временски е датиран од 4 век пред нова ера до 2 век од новата ера.

Археолошки локалитет Бандера – Бошавица. Храм и некропола од римско време. На утоката на Бошава во Вардар се откриени делови од архитектонска декоративна пластика од монументален објект. Се работи за базиси од столбови – јонски стил, делови од архитравни греди со венец, еден јонски капител, како и неколку натписи од 2 и 3 век.

Археолошки локалитет Бандерица. Некропола и ѕидан водовод од римско време. Се наоѓа во клисурско маало, еден километар југо-источно од центарот на Демир Капија и претставува југо-источна периферија на античката населба Манастир – Варници.

Археолошки локалитет Болница. Некропола од рано античко време и депо на средновековни српски монети од 14 век. Монетите се откриени во еден гроб, при изградба на болницата во 1938 година.

Археолошки локалитет Будур – Чифлик. Населба и некропола од доцно античко време. Во 1947 година е откриен гроб од камени плочи, поставен во правец север-југ. Од внатрешната страна гробот бил обложен со мермерни плочи, дното му било послано со голема мермерна плоча, а бил затворен со обична плоча од камен. Внатре како гробни прилози имало богати предмети од злато и сребро. Подоцна при изградбата на индивидуални станбени куќи на овој локалитет се откриени темели од објекти за живеење со повеќе простории.

Археолошки локалитет Градина. Населба од бронзеното и некропола од римското време. Се наоѓа зад некогашните индустриски објекти – варници, од каде што почнуваат да се издигаат масивите на Демиркаписката клисура.

Археолошки локалитет Клисура. Населба од рано античко време.

Археолошки локалитет Кула на Пострелец. Утврдување од хеленистичкото и доцно античкото време.

Археолошки локалитет Манастир. Населба од праисториско до доцно античко време, старохристијанска и средновековна некропола. Претставува пресечен рид од десната страна на Вардар, пред самиот влез на клисурата. Со археолошките ископувања се откриени многубројни остатоци од различна временска и културна припадност, и тоа од праисторијата до средниот век. Откриени се старохристијански гробни структури и остатоци од градби. Се работи за старохристијанска трикорабна базилика со нартекс, односно задгробна базилика, изградена на доцноантичка некропола во една ареа, мартирум, каде што биле концентрирани гробови на христијани.

Археолошки локалитет Манастир – Варници. Населба и некропола од римско време, базилика и некропола од доцноантичко време и средновековна црква со некропола. На 2 километри источно од центарот на Демир Капија, во Клисурско маало, на десниот брег на Вардар и над стариот магистрален пат се издига стрмен рид. На него се наоѓа месноста Манастир, на која се откриени најстари траги од живеење, од почетокот на антиката. Во северозападното подножје на ридот се наоѓа месноста Варница, во која се откриени гробови од римско време.

Археолошки локалитет Некропола 1. Некропола од железното време.

Археолошки локалитет Некропола 2 – Будур Чифлик. Некропола од железното време.

Археолошки локалитет Рамниште. Утврдена населба од железно и хеленистичко време, која се наоѓа јужно од месноста Манастир, на околу 500 м воздушна линија, на елипсовидно плато на највисокиот рид Рамниште.

Римски пат. Остатоци од пат од римското време. На северниот крај од секторот Манастир е зачуван дел од пат во должина од 20 м. Конструкцијата на патот одговара на карпестиот состав на теренот. Оттука не било потребно, ниту пак можно, да се прави подлога на патот. Единствени податоци за конструкцијата на патот се зачуваните врежани траги од колски тркала, широки 10 см и длабоки 12 см, поставени на растојание од 125 см. Изгледа дека патот бил во тесна врска со најстарата населба на локалитетот Манастир.

## ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ

Кралска винарска визба. Кралот на Југославија, Александар Караѓорѓевиќ во 30-тите години од минатиот век испратил во Македонија група експерти со цел да пронајдат погодно место за подигање винарска визба. Меѓу повеќе посетените места во општините Кавадарци, Неготино и Гевгелија, како најпогодно за формирање на земјоделско стопанство и винарска визба му го предложиле имотот во селото Бања, помеѓу реките Бошавица и Вардар. Овој имот кралот го откупил во 1928 г. од Усни-бег и Мехмед-бег за сума од 2000 златни лири. Имотот во својот состав вклучувал штали за крупен и ситен добиток, а на еден километар била изградена и модерна ергела за одгледување на расни коњи. Сепак акцентот на овој имот била винарската визба во која се произведувало квалитетно црвено вино наменето за потребите на кралскиот дворец. За потребите на визбата биле набавени четири стаклени базени направени во Австрија за ферментација на грозјето. Во исто време од Србија биле донесени поголем број на дрвени буриња со капацитет од 4.000 до 6.000 литри, кои биле направени од дабово дрво и со синџири биле спуштани во винарскиот подрум. Во рамките на кралскиот имот била изградена и една луксузна вила „Кралица Марија“, пред која биле поставени две каријатиди. Се споменува дека кралот Александар само еднаш го посетил својот имот во 1931 г. по земјотресот што го зафатил овој крај, додека кралицата Марија (потекло од Романија) во 1934 г, еднаш по смртта на својот сопруг го посетила имотот во Демир Капија. На кралскиот имот работеле 25 службеници, околу 150 работници и преку 60 затвореници.





За време на Втората светска војна една германска воена единица поминала во винарската визба и сакале да се напијат од складираното вино, откако виделе дека тие немаат чепови, еден војник се обидел со пукање од пушката да го пробие бурето, но дебелите дабови штици не дозволиле куршумот да се пробие. Во 1948 г. Владата на НРМ го национализирала кралскиот имот, и тој му бил доделен на ЗИК „Демир Капија“, а подоцна со него стопанисува ЗЗ „Повардарие“ од Неготино.

Споменик на Пешо Самарџиев. Во центарот на градот Демир Капија поставена е спомен-биста на војводата Пешо Самарџиев.

Маркова чешма. На излезот од градот Демир Капија, во правец кон селото Клисура, од левата страна на патот се наоѓа Маркова чешма која датира од 1933 година.




## АРХИТЕКТУРА И ГРАДБИ

Традиционалната градителска архитектура и внатрешното опремување на куќите е карактеристично и застапено во комплекси на куќи на територијата на општината во селата: Дрен, Прждево, Бесвица и Барово.

Од градската архитектура, може да се споменат станбени, стопански и сообраќајни градби од 19 и 20 век, како железничкиот мост (1882 година), железничката станица (1887 година), старата пиперана (1931 година), варница (1948 година), ковачка работилница која е се уште во функција и др.

## МУЗЕИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ УСТАНОВИ

Музеј на виното. Отворен е во 2010 година и е единствен од ваков вид во земјата и еден од малкуте во Европа. Музејот во себе содржи три одделенија: археологија, винска галерија и галерија за изложби и презентации. Во нив се изложени многу експонати кои што зборуваат за богатата традиција на винската култура, разни пехари за пиење вино, антички садови за мешање на вино, алатки за обработка на земјата и др. За лого на музејот е избран Кратер–бронзен сад за разблажување (мешање) на вино. Најрепрезентативен дел од музејот е поставката за вино во која се изложени експонати, разни етнолошки предмети и се она што историски и типолошки може да се поврзе со виното.



Предметите се организирани според одредени целини, во зависност од намената за која се употребувале. Оваа винска поставка е резултат на долгата традиција на одгледување на винова лоза и производство на вино, произлезена од  чистата еколошка средина на областа Тиквеш во чиј јужен дел се наоѓа Демир Капија каде што постојат изразито поволни услови за оваа дејност. Од тие причини во регионот на Демир Капија опстојуваат повеќе винарии кои со своите вина наоѓаат свое место во овој музеј. Експонатите во винската галерија се доказ за долгата традиција на консумирање на вино, почнувајќи од основните алати за обработка на земјата ралото и плугот, кошници за носење на грозје, преса за мелење на грозје, преса за цедење на шира

па се до разни пехари од брусен кристал рачно работени, стаклени чаши, бокали за вода, бокали за вино, путири за вино, разни видови на шишиња, матарки, сетови за шампањ, сребрени филигрански држачи за варено вино, послужавници со мотиви на винова лоза и други кои со својата форма и изработка се уникатни по своето мајсторство во делот на применетата уметност.



Дом на култура „Мирка Гинова“. Во нејзиниот состав во единицата за сценско музички дејности членуваат: КУД Мирка Гинова, Драмски театар, Народен оркестар, Тамбурашки оркестар, Пеачка група и Балетска група. Во состав на Домот на културата има и народна библиотека која располага со 2100 книги и брошури.

## РЕЛИГИОЗНИ ОБЈЕКТИ

На територијата на општина Демир Капија се наоѓаат повеќе религиозни објекти како цркви, манастири и една џамија.

Црква „Свето Вознесение“ - село Корешница. Црквата „Свето Вознесение“ се наоѓа северозападно од општината и е на оддалеченост од 2.85 km од центарот на Демир Капија. Овој храм е изграден 1972 година, осветен 1984 година и не е фрескоживописен.

Црква „Св.Рождевство”- село Барово. Црквата „Св. Рождевство” се наоѓа во село Барово кое е на јужниот дел од планините на општината и на 18 km оддалеченост од центарот на Демир Капија. Трикорабната црква е изградена во 1868 година, а живописана во времето на нејзината обнова во 1934 година.

Црква „Св.Петка” - село Бистренци. Црквата „Св. Петка” се наоѓа северозападно од општина Демир Капија на оддалеченост од 5.42 km од центарот на градот. Нејзината изградба е започната во 1967, а завршена и е осветена во 1971 година.

Црква „Св.Никола” - село Дрен. Црквата „Св.Никола” се наоѓа во селото Дрен, кое е западно од општината и е на 4,7 km оддалеченост од центарот на градот. Црквата е изградена е во 1868 и е обновена во 1910 година.

Црква „Св.Димитрија” - село Драчевица. Црквата „Св. Димитрија” се наоѓа во село Дрчевица кое е во јужниот дел од планините, на оддалеченост од 7,58 km од центарот на градот Демир Капија. Изградена е 1858 година, а живописана кон крајот на XIX век.

Црква „Св. Георгиј” - село Копришница. Црквата „Св. Георгиј” се наоѓа источно од општина Демир Капија на оддалеченост од 7.09 km од центарот на Демир Капија. Црквата е изградена во 1928 година.

Црква „Св. Атанасиј” - село Прждево. Црквата „Св. Атанасиј” се наоѓа во село Прждево западно од општината и на 12,7 km оддалеченост од центарот на Демир Капија. Црквата е насликана во 1878 година, додека фреско живописот е распореден во три зони и изобилува со сцени од стариот и новиот завет. Иконостасот го краси големиот крст со распетието Христово изработен во Копаница со две ламји лево и десно од него. Според својата архитектурна форма црквата е трикорабна чии кораби се формирани преку два реда колони.

Црква „Св. Никола” - село Стрмашево. Во јужниот дел од општина Демир Капија на оддалеченост на 11.09 km, во село Стрмашево се наоѓа црквата „Св. Никола” која е изградена во 1885 година. Таа е трикорабна и без фрески.

Црква „Св. Никола” - село Клисура. Црквата „Св. Никола” се наоѓа во селото Клисура во источно планинската долина на општината на 7 km од центарот на Демир Капија. Подигната е во XIX век, а живописана во 1879 година за што сведочи натписот испишан на фреско шалтер над јужната врата од надворешната страна на црквата. Оваа црква е најстара во регионот и овде на 22 Мај се слави празникот летен „Свети Никола”.

Црква „Свети Атанасиј” - село Чифлик. Се наоѓа јужно од општина Демир Капија на оддалеченост од 2.75 km од центарот на Демир Капија во село Чифлик. Црквата „Свети Атанасиј” е изградена во 1857 година, а фрескоживописана е во 1879 година.

Католичка црква „Св. Јосиф” – село Бистренци. Католичката црква „Св. Јосиф” се наоѓа на оддалеченост од 5.42 km од

центарот на Демир Капија во село Бистренци изградена во 1935 година, а возобновена во 2011 година.

Црква „Успение на Пресвета Богородица" - Демир Капија. Сместен на највисоката точка на Демир Капија, се наоѓа храмот „Успение на Пресвета Богородица" изграден во 1937 година. Со својата внатрешна и надворешна убавина која плени ве носи во духовно трагање на вашиот мир. Црквата својот празник го слави на 28 Август на самиот ден на „Голема Богородица".



Џамија во село Корешница. Џамијата се наоѓа во село Корешница на 2.85 km од центарот на Демир Капија. Возобновена е во 2005 година, а изградена е врз темелите на џамијата која датирала од 1663 година.

## МАНИФЕСТАЦИИ

Општина Демир Капија организира разни манифестации, дружења и прослави од кои ќе ги издвоиме позначајните:

√ Недела на традицијата Св. Трифун

√ Празнување на Св.Петка

√ Турнир во мал фудбал „Св. Богородица"

√ Панаѓур Голема Богородица

√ Outdoor Фестивал, фестивал на екстремни спортови

√ Ден на ослободувањето на Демир Капија











# УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

## УГОСТИТЕЛСТВО

Во општина Демир Капија угостителска дејност вршат повеќе објекти и тоа: Ресторан Белов 113; Ресторан 4 ка; Кафеана Коле; Гостилница Сара, Гостилница Урбан Грил, Гостилница Звезда, Ресторан Попова Кула, Ресторан Кралица Марија, Ресторан Ловец и Ресторан Модерна.

## СМЕСТУВАЊЕ

Услуги за сместување во општина Демир Капија нудат следните објекти:

√ Хотел Модерна. Хотел со 4 ѕвезди кој се наоѓа на 2 km од центарот на Демир Капија. Има капацитет од 8 модерно опремени соби, ресторан и летна тераса.




√ Хотел Попова Кула. Во истоимената винарија, капацитет 33 соби, секоја именувана според сортите на вина ги произведува винаријата. Во рамките на хотелот има ресторан со капацитет од 60 гости, а летната тераса од 80 гости.

√ Ноќевалиште Ловец. Се наоѓа во центарот на Демир Капија со капацитет од 25 легла. Во рамките на ноќевалиштето има и ресторан со а капацитет од 74 места и летна бавча со капацитет од 80 места.

√ Апартмани во Винарија Кралица Марија

√ Приватно сместување - Игор Абдрагхманов

√ Приватно сместување - Александар Кленов

## ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

На територијата на општина Демир Капија има две патнички агенции – транспортни компании Логан и Дека.

## КОНФЕРЕНЦИИ

Објектите на хотелот Модерна, Попова Кула и Кралица Марија располагаат со комплетно опремени конференциски капацитети.

## ВИНАРИИ

На територијата на општина Демир Капија се наоѓаат следните винарии:

Попова Кула. Се наоѓа во непосредна близина на Демиркаписката клисура и претставува винарија која успешно ги спојува виното и туризмот. Сместена во прекрасна градба која се состои од модерна винарија, хотел, соби за дегустација, ресторан, продавница за подароци и конференциска сала. Своето име го добила според старата кула која некогаш служела како важна контролна точка на стариот римски пат што поминувал во близина на оваа локација. Изградбата започнала во 2004 година, а во 2005 година била првата берба. Капацитетот на винаријата е 650 илјади литри, но производството се движи меѓу 100 и 150 илјади литри. Станушина е сортата грозје која е автохтона за Македонија и токму оваа винарија ја промовира оваа подзаборавена сорта. Винаријата има 7 линии вина.





Кралица Марија. Некогашната кралска винарска визба, во 2002 година е приватизирана и во неа е инвестирано како во модернизација на производството, така и во историските објекти и опремата. Денешниот капацитет на винаријата е 7 милиони литри, а производството варира секоја година и вообичаено е половина од капацитетот. Поголем дел од вината се извезуваат во Германија, Босна, Србија, Хрватска Австрија, САД и Кина. Поголемиот дел од извозот оди како наливно вино, а 20% се флашира и се продава на домашниот пазар. Оваа винарија има две линии на вина. Кралица Марија има каталог кој содржи 15 вина. Во рамките на винаријата има сала за дегустација, ресторан, апартмани и простории за корпоративни настани.

















## ТАКСИ КОМПАНИИ

Во општина Демир Капија, такси превозот е организиран и се реализира од страна на такси компанијата Де-Ка.

## СТОПАНСКИ КАПАЦИТЕТИ

Општината Демир Капија располага со индустриската зона „Попова Кула“ на која се маркирани 17 парцели. Во тек е подготовка на планска документација за нова индустриска зона „Корешница“.

Хидроелектричната централа (ХЕЦ) Дошница е лоцирана на реката Дошница во општината Демир Капија, а пуштена е во работа во 1952 година. Има два агрегата со пелтон турбини и инсталирана моќност од 5.1 MW. Просечното годишно производство на електрична енергија изнесува 18 GWh. ХЕЦ Дошница е дел од групата компании што ја сочинуваат ЕВН Македонија АД. На територијата на општината се наоѓа и Шумското стопанство Демир Капија.

## БАНКИ

На територијата на општина Демир Капија се наоѓаат три банкомати на Стопанска Банка АД Скопје, Тутунска и на банката Халкбанк.

## ПОШТИ

Националната компанија за поштенски услуги Македонска пошта има своја филијала на територијата на општина Демир Капија. Првата пошта во општината била отворена во 1916 година. Со либерализација на поштенските услуги на територија на општината делуваат и приватни компании кои нудат поштенски услуги по принципот на брза пошта како Карго Експрес.

## ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

За потребите на жителите на општина Демир Капија и за оние на кои им е потребно лечење и здравствена грижа на територијата на општина, здравствената заштита се обезбедува преку Здравствена станица и приватни здравствени установи од примарната практика и аптека, услуги од секундарната здравствена заштита се користат во поблиските градови.

На територијата на општината се наоѓа Јавна установа за социјална заштита Специјален завод Демир Капија кој постои од 1958 година.

## ФАРМАЦИЈА

На територијата на општина Демир Капија се наоѓаат: аптека Флос Фарм, ветеринарна аптека Сто-вет, земјоделска аптека Агро-фарм.

## БЕНЗИНСКИ ПУМПИ

Во општина Демир Капија се наоѓа бензинска пумпа во центарот на градот, бензинска

пумпа на Макпетрол на излезот од градот во насока Гевгелија и бензинска пумпа на Детоил, на автопатот Е-75 кај Прждево, која на локалното население и туристите им нуди угостителски услуги и храна, се продаваат патни карти, сувенири и други дополнителни дејности поврзани со патувањето. Покрај бензинските пумпи, во општината постојат неколку автомеханичарски сервиси, вулканизер и сервиси за миење на возила.

### ПАЗАРИ

На територијата на општината постојан неколку маркети за малопродажба на стоки и производи како Жито, Дијана, Сити и др.

## СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ КАПАЦИТЕТИ

На територијата на општина Демир Капија функционираат неколку спортски клубови и друштва. Спортскиот клуб „Клисура“ организира различни спортски активности во природа, Турнир во мал фудбал, како и меѓународниот Outdoor фестивал каде учесниците земаат активно учество во: алпинизам, планинарење, велосипедизам, кајак на диви води, параглајдерство и други активности во природа. Кајакарскиот клуб „Просек“, кој е формиран во 1974 година, на сите љубители на рафтинг пловење со чамци и кајакарство по мирни и диви води, им нудат незаборавно доживување.



Спортското риболовно друштво „Дошница” од Демир Капија, формиран во 1979 година, бележи различни активности поврзани со риболовот на територијата на општината. Ловечко друштво „Краставец“ Демир Капија реализира активности поврзани со ловот.

За реализација на плановите и развој на спортот на територијата на општината е изградено повеќе наменско игралиште во градот Демир Капија. Интересен е податокот, дека првиот фудбалски клуб во Демир Капија е формиран во 1937 година, низ годините го менувал повеќе пати името, последното име му било ФК Лозар, а истиот згаснал во 2009 година.

### СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Општина Демир Капија е место каде се одржуваат повеќе спортски натпревари во текот на годината:

Меѓународен Outdoor  Фестивал, фестивал на екстремни спортови, Турнири во мал фудбал: Св.Богородица, Св.Спас с.Корешница и Петровденски турнир с.Бистернци

## АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

### РЕКРЕАЦИЈА

Постојат големи можности за развој на спортски и рекреативни активности во Општина Демир Капија.

Пространите лозови насади се одлична можност за организирање вински тури, прошетки, едукативни содржини за начинот на берење и кроење на лозјето, запознавање во начинот на производство на вино, организирање дегустации сл.

Планинскиот релјеф на општината овозможува рекреативни активности, логорувања, планинарење и уживање во недопрената природа. Од друга страна Демиркаписката клисура нуди одлични можности за алпинизам и други екстремни спортови, како и развој на спелеолошки туризам, а реката Вардар е одлична можност за развој на водените спортови.

Бројните археолошки наоѓалишта им овозможуваат на посетителите уживање во културното наследство на општината, а на љубителите на еко туристичките вредности општината им нуди посета на Долината на кактуси, Резерватот на платанот и Локалитетот каде расте ендемичниот црн орев.



Ловните и риболовните активности имаат огромен потенцијал за развој во општината Демир Капија, пред сè поради богатството со риба во реките Вардар, Бошавица и Дошница, како и богатата ловна понуда во регионот. Терените со кои располага општина Демир Капија се богати со разновиден дивеч. Најзастапени се: зајакот, еребицата полка и камењарка и фазанот. На терените се сретнува и преселен дивеч: препелици, шумски шљуки, грлици, диви шатки и др. На пошумените планински региони има доста диви свињи, срни, како и волци, лисици, куни, диви мачки и др. Од посебно значење е богатството на регионот со птици на кои им годи специфичноста на теренот во однос на неговата географска положба и геоморфолошки карактеристики и клима. Сето тоа ја прават територијата на Демир Капија една од најважните и најинтересни живеалишта на птици во Европа, бидејќи тука се сретнуваат елементи на степска, планинска и субмедитеранска орнитофауна. Покрај тоа, низ Демир Капија минува и значаен Моравско-Вардарски воздушен прелет на селење птици од Средна и Источна Европа. Ова овозможува во Демир Капија да се сретнат голем број видови на птици од големо научно и општо значење како што се птиците кои живеат во високите карпи над реката Вардар, во литици и во клисурата, посебно птиците грабливци кои се на границата на исчезнувањето во Европа. Најзначајни се следните видови на птици кои може да се сретнат на територијата на општината: бел и црн штрк, бел јастреб, белоглав мршојадец, сив орел, орел змијар, лисест глувчар, јастреб осојад, сив сокол, белонокта и обична ветрушка, еребица камењарка, јато диви галеби, голема був ушар, кук, горка ластовичка, гавран и др.

Општина Демир Капија е територија која располага со разновиден и богат рибен фонд. На речната површина, постои сом, крап, мрена, бојник, јагула, клен и рак (во реката Вардар), потоа поточна пастрмка (во река Дошница) и разни топловодни риби во реката Бошава. Поранешните жители на територијата на Демир Капија со векови наназад се занимавале со риболов што се докажува со пронајдените јадици и големи коски на риби во откриените гробови од тоа време. Во еден од нив е пронајдена бронзена јадица долга 8 см.



# ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ

Во овој дел се опишани различните видови на туризам кои има можност да се развиваат во општина Демир Капија, каде и од кого истите би се развивале. Тоа се следните:

√ Културно историски туризам

√ Гастрономски и вински туризам

√ Транзитен туризам

√ Здравствен туризам

√ Активности во природа и спортски туризам

√ Образовен туризам

√ Ловен и риболовен туризам

√ Спелеолошки туризам

Културно историски туризам опфаќа туристички патувања мотивирани од културни интереси кои вклучуваат посета на историски локалитети и споменици, музеи и галерии, фестивали, традиционални занаети, како и од начинот на живот во заедниците. Во овој вид на туризам спаѓаат руралниот туризам, еко туризмот, религиозниот туризам и др. На територијата на општината има можност за развој на овој вид туризам поради богатото културно и историско наследство кое претставува доказ за значајното место што општината го имала низ историјата.

Гастрономски и вински туризам опфаќа широк спектар на активности кои се поврзани со храната и виното. Од понуда на специфична и традиционална кујна, до организација на гастрономски натпревари и манифестации поврзани со храната. Вклучувањето на одредени јадења во понудата на угостителските објекти, иницијативи како на пример: недела на одредено јадење и понуда од страна на угостителите во општината во одредени временски интервали по одредени цени, вклучување на туристите во набљудување или подготовка на јадењата и обука и др. Винскиот туризам вклучува посета на винарии, дегустација и купување на вино, вински патишта, вински манифестации, иницијативи како: недела на виното и др. Гастрономскиот и винскиот туризам имаат голема перспектива за развој во општината поради одличните угостителски капацитети и присуството на винариите кои поседуваат можност за дегустација.

Транзитен туризам претставува вид на туризам каде патниците се задржуваат во дестинацијата за краток временски период бидејќи низ неа транзитираат кон нивната крајна цел. Во светот постојат региони каде транзитниот туризам претставува многу важна гранка од економска гледна точка. Идејата за развојот на овој вид туризам е да се даде понуда на транзитните патници да останат во дестинацијата низ која транзитираат и да користат производи и услуги во неа. Од тој аспект збогатувањето на понудата за овој вид на туристи е од суштинско значење. Местоположбата на општина Демир Капија е одличен потенцијал кои треба да искористи за развој на овој вид туризам.

Здравствен туризам опфаќа патување поради лекување каде што главен мотив на пациентите отсекогаш била поквалитетна здравствена услуга. Во последната декада покрај потрагата за поквалитетна услуга движечка сила станува и потрагата по поевтина услуга со што патувањето заради лекување станува помасовно. Туристичките организации ја препознаваат можноста за развој на оваа нова гранка во туризмот и започнува развој на компании кои се специјализираат во организирање на услуги како сместување, транспорт, преведување, придружба, туристички разгледувања за пациентите и нивните придружници. При тоа се земаат во предвид специјалните потреби на пациентите за кои понекогаш е потребен специјален вид на транспорт или сместување. Недопрената природа во општината овозможува прошетки, разгледи, престој на чист воздух и сл.

Активности во природа и спортски туризам опфаќаат широк дијапазон на дејствија кои посетителите и туристите можат да ги извршуваат. Од една страна станува збор за рекреативните можности во природа како пешачење, разглед, пикници, манифестации и др. Од друга страна вклучува различни видови на спорт и натпреварување. Спортскиот туризам претставува патување од некомерцијални причини за учество или следење на спортски активности надвор од постојаното место на живеење; израз на однесување на луѓето во тек на нивното слободно време – време за одмор – кое се користи делумно во природна средина и другиот дел во објекти за спорт и рекреација; одмор кој содржи спортски активности или како учесник или како гледач. Богатиот и разновиден релјеф на општината Демир

Капија дава можност за развој на овој вид туризам.

Образовен туризам претставува патување поради предавање, учење и подобрувањето на техничката стручност надвор од просториите на образовните институции. Во образовниот туризам, главната цел на турата или слободните активности опфаќа посета на дестинации или атракции за да се изучат нивните карактеристики. Овој вид на туризам опфаќа размена на студенти и практиканти, училишни посети и екскурзии, учење на јазици, едукативни и креативни работилници за деца, едукативно запознавање на ученици и студенти со руралното наследство и слично. Во општината Демир Капија нуди можности за едукативни активности поврзани со винарството, еко едукација, едукации од областа на спелеологијата, набљудување на птици и сл.

Ловниот и риболовниот туризам опфаќаат широк спектар на активности поврзани со ловот и риболовот, како и неопходна опрема и инфраструктура потребна на остварување на овие активности.

Спелеолошкиот туризам претставува специфична форма на туризам која подразбира истражување на пештерите, посета на пештерите и туристичко уредување на пештерите.

## АКЦИОНЕН ПЛАН, СТРАТЕШКА ЦЕЛ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

Акциониот план во стратегијата е направен согласно Основната цел, која произлегува од визијата и мисијата на стратегијата. Акциониот план ги содржи сите поважни сознанија кои произлегоа од истражувањата, како и одржаната работилница и работата со фокус групи. Основната цел на стратегијата за развој на туризмот на општина Демир Капија е создавање на услови и зголемен развој на туризмот. Оваа цел ќе се реализира преку три основни приоритети кои имаат свои мерки на делување. Мерките се опишани преку следните параметри: активности, носители, временска рамка и индикатори за успех.

### Цел, приоритети и мерки од акциониот план на стратегијата



| Приоритет 1: Развој на туристичката инфраструктура и промоција | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| **1.1. Туристички инфо центар** | 1. Подготовка на проектно – техничка документација<br>2. Изработка на идејно решение на проектот<br>3. Обезбедување на согласности и дозвола за објектот<br>4. Подготовки на терен, изведба, уредување<br>5. План на работа | Општина Демир Капија, Бизнис заедницата | 2020-2024 | 1. Број на ново отворени работни места<br>2. Број на продадени сувенири<br>3. Број на посетители<br>4. Отворен инфо центар и сувенирници |
| **1.2. Туристичко-рекреативно уредување на речното корито и крајбрежјето на река Бошава** | 1. Изработка на просторно – планска документација<br>2. Спроведување на јавна набавка<br>3. Извршување на работите | Општина Демир Капија | 2020-2021 | 1. Изработена просторно – планска документација<br>2. Спроведен процес на јавна набавка<br>3. Уредување на патеките<br>4. Број на поставени клупи, канти за отпадоци, информативни табли и табли со етички кодекс |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.3. Обележување на значајни туристички локалитети** | 1. Мапирање на туристичките атракции на подрачјето на Општина Демир Капија<br>2. Спроведување јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли<br>3. Поставување на информативни табли<br>4. Набавка на опрема за набљудување на птици | Општина Демир Капија | 2020-2021 | 1. Поставени информативни табли покрај значајни туристички локалитети<br>2. Број на поставени информативни табли<br>3. Број на обележени локалитети<br>4. Обележани пунктови за „birdwatching/ набљудување на птици“<br>5. Број на ангажирани локални занаетчии |
| **1.4. Изградба на авантуристички парк со адреналински реквизити** | 1. Избор на локации за изградба на авантуристички парк со адреналински реквизити<br>2. Изградба на авантуристички парк со адреналински реквизити | Општина Демир Капија, Центар за развој на Вардарски плански регион, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Бизнис заедница, Инвеститори | 2021-2024 | 1. Избрани локации за изградба на авантуристички парк со адреналински реквизити<br>2. Изработка на просторно – планска документација<br>3. Број на ново отворени работни места<br>4. Број на посетители<br>5. Број на интегрирани производи и услуги |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.5. Изградба на локации за паркинг простор на туристички автобуси, поставување на јавни тоалети** | 1. Избор на локации за изградба на паркинг простор на туристички автобуси и нивно поставување<br>2. Избор на локации за поставување на јавни тоалети и нивно поставување<br>(Се препорачува да бидат во близина едни со други, како и во непосредна близина на туристичкиот инфо центар) | Општина Демир Капија | 2021-2022 | 1. Избрани локации и изградени паркинг простори за туристички автобуси<br>2. Избрани локации и поставени јавни тоалети<br>3. Број на туристи кои го користат паркинг просторот за туристичките автобуси |
| **1.6. Истражување и уредување на пештерите Бела вода, Горни и Долни Змејовец** | 1. Истражување на пештерите Бела вода, Горни и Долни Змејовец<br>2. Изработка на план и добивање на дозвола за уредување на пештерите за туристички цели | Општина Демир Капија, Центар за развој на Вардарски плански регион, Агенција за поддршка и промоција на туризмот | 2020-2023 | 1. Студија за искористување на пештерите Бела вода, Горни и Долни Змејовец во туристички цели<br>2. Подготвена планска документација за уредување на пештерите (пристап, безбедност и одржување)*<br>3. Остварени посети<br>4. Вработени лица<br>* (Се препорачува барем само една во период од 3 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.7. Реставрација и ревитализација на стари градби за туристички цели (сместување)** | 1. Мапирање на стари објекти<br>2. Подготовка на план и документација за нивна ревитализација и ставање во функција на туристичките можности во Демир Капија<br>3. Понуда на инвеститори, НВО, меѓународни институции или јавно-приватно партнерство | Општина Демир Капија, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2023 | 1. Мапирани стари објекти<br>2. Изработен план и документација за реставрација и ревитализација<br>3. Зголемен број на посетители |
| **1.8. Уредување и одбележување на пешачки, велосипедски патеки, качувачки места** | 1. Мапирање на пешачки, велосипедски патеки, качувачки места на подрачјето на Општина Демир Капија<br>2. Спроведување јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли<br>3. Поставување на информативни табли | Општина Демир Капија, НВО | 2020-2024 | 1. Мапирани пешачки, велосипедски патеки, качувачки места<br>2. Спроведен јавен оглас или конкурс за креаторите на информативните табли<br>3. Поставени информативни табли |
| **1.9. Изградба на винско селска клисура со заштита на кактусите и создавање на ботаничка градина** | 1. Изработка на просторно – планска документација<br>2. План за заштита на природното богатство (кактусите)<br><br>3. Понуда на инвеститори, меѓународни институции или јавно-приватно партнерство | Општина Демир Капија, НВО | 2020-2024 | 1. Изработено просторно – планска документација<br>2. Ирработен план за заштита на природното богатство (кактусите)<br>3. Потпишани договори со заинтересирани страни за инвестирање<br>4. Зголемена посета на туристи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.10. Трасирање на патека за кајак на диви води** | 1. Трасирање на патека за кајак на диви води<br>2. План за развој на овој вид на спорт и негова промоција на пошироката јавност | Општина Демир Капија, НВО | 2020-2021 | 1. Трасирана патека за кајак на диви води<br>2. Изработен план за развој на овој вид на спорт и негова промоција на пошироката јавност<br>3. Зголемен број на членови во СКК Просек |
| **1.11. Интернет промоција, социјални мрежи** | 1. Креирање на веб страна за туристичка промоција на општината<br>2. Зајакнување на промоцијата на општината преку социјалните мрежи | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, Инфо центарот | 2020-2021 | 1. Креирана web страна за туристичка промоција<br>2. Број на коментари, следење и гледање на социјалните мрежи<br>3. Зголемен број на посетители |
| **1.12. Изработка на промотивен материјал за општината, сувенири и водичи** | 1. Изработка на промотивен материјал за општината, брошури и видеа<br>2. Изработка на сувенири кои се карактеристични за општината<br>3. Изработка на туристички водичи низ општината | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, занаетчии, образовни институции, заинтересирани страни за развој на туризмот, познати личности од општината | 2020-2021 | 1. Изработен промотивен материјал<br>2. Изработени сувенири<br>3. Продадени сувенири<br>4. Зголемен број на посетители<br>5. Изработен туристички водичи за општината и зголемена промоција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.13. Промоција на општината на саеми за туризам** | 1. Претставување и промоција на општината преку заедничка понуда на национални и меѓународни саеми за туризам<br>2. Избор на саеми на кои ќе се претстави општината | Општина Демир Капија, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2024 | 1. Промоција на општината на национални и меѓународни саеми за туризам<br>2. Склучени партнерства и остварени средби<br>3. Промовирање на туристичките потенцијали на општината<br>4. Зголемен број на посетители |
| **1.14. Подобрување на пристапноста во туристичко - угостителските објекти** | 1. Подобрување на пристапноста во туристичко-угостителските објекти насочена кон потенцијални туристи вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет, повозрасни лица и лица со посебни потреби или барања<br>2. Уредување на материјално-техничката база на објектите<br>3. Доделување на признанија за „пристапните“ објекти | Општина Демир Капија, бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2023 | 1. Подобрена пристапност во туристичко-угостителските<br>2. Уредена материјално-техничката база на објектите<br>3. Доделени признанија за „пристапните“ објекти<br>4. Зголемен број на туристи |

| Приоритет 2: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| **2.1. Тело за дестинациски менаџмент** | 1. Формирање на тело за дестинациски менаџмент на општина Демир Капија<br>2. Обединета понуда според тематски целини<br>3. Изработка на бренд за дестинација - општина Демир Капија, слоган на дестинацијата<br>4. Изработка на интегриран онлајн систем за управување со дестинацијата<br>5. Зголемен квантитет и квалитет на туристичката понуда<br>6. Формирање на тело за менаџмент со кризи во дестинацијата | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2021 | 1. Број на посетители и туристи<br>2. Број на интегрирани производи и услуги<br>3. Изработен бренд и слоган за дестинацијата<br>4. Формирано тело за дестинациски менаџмент<br>5. Онлајн можност за преглед на понудата на дестинацијата<br>6. Формирано тело за менаџмент со кризи во дестинацијата. |
| **2.2. Поттикнување на инвестиционите активности во туризмот** | 1. Користење на средства од ИПА – програмите за меѓугранична соработка<br>2. Користење на средства од ИПАРД – програми<br>3. Користење на погодности содржани во туристичките развојни зони<br>4. Организација на обуки за апликација на повиците<br>5. Изработка на УП за инвестиции во холетиерството | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, образовни институции | 2020-2024 | 1. Износ на искористени средства од програмите<br>2. Број на аплицирани и добиени проекти<br>3. Организирани обуки за апликација на повиците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.3. Зајакнување на капацитетите на општината – форум за туризам** | 1. Формирање на форум за туризам на општината кое ќе го мониторира процесот на развој на туризмот во општината и ќе дава предлози за понатамошниот развој на туризмот во општината (Состаноци: квартално, учесници: сите заинтересирани страни) | Општина Демир Капија и сите заинтересирани страни во туризмот | 2020 | 1. Формиран форум за туризам на општината |
| **2.4. Партнерства и соработки со општини од земјата и странство** | 1. Потпишување на меморандуми за соработка со општини од земјата и странство<br>2. Изработка на заеднички проекти за поддршка и промоција на туризмот во општините<br>3. Зајакнување на одделенијата за меѓународна соработка во општината преку обуки и студиски посети | Општина Демир Капија | 2020-2024 | 1. Број на потпишани меморандуми за соработка<br>2. Број на изработени заеднички проекти за поддршка и промоција на туризмот во општините<br>3. Обуки и студиски посети |
| **2.5. Развој на видовите туризам** | 1. Креирање заедничка понуда за различните видови на туризам во општина Демир Капија | Бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020 | 1. Изработена понуда за различни видови на туризам |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.6. Организација на календар на настани за цела година на општина Демир Капија** | 1. Создавање на одбор на организатори кои ќе понудат мин. 4 мах. 6 настани (манифестации): мин 2 со тема вино, винова лоза и производи од грозје, две за активен туризам (качување на карпи и кајакарство), една за еко-туризам (пример: ориентолошка конференција).<br>2. Програма на настани | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, образовни институции | 2020-2024 | 1. Формиран одбор на организатори<br>2. Реализирани настани |
| **2.7. Збогатување на Винскиот музеј** | 1. Збогатување на Винскиот музеј со артефакти поврзани со виното не само од Демиркапискиот регион<br>2. Збогатување со уникатни предмети поврзани со виното, виновата лоза и лозарството<br>3. Збогатување со етнографски предмети од тој регион<br>4. Собирање на предмети и експонати за музејската колекција со донации од граѓани | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, локално население | 2020-2024 | 1. Собрани предмети, артефакти и експонати.<br>2. Зголемена посета на музејот |

| Приоритет 3: Креирање на туристичка понуда и локални туристички производи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активности** | **Носители** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| **3.1. Обука на локални туристичко-угостителски работници во Општина Демир Капија** | 1. Организирање обука и пријавување на кандидатите<br>2. Интервју со кандидатите и реализација на обуката;<br>3. Доставување извештај и здружување (единствен регистар) на нови локални туристички работници | Општина Демир Капија, Факултети за туризам | 2020-2021 | 1. Обучени туристички-угостителски работници<br>2. Подигање на квалитетот на туризмот<br>3. Зголемување на бројот на туристите<br>4. Отворање нови работни места<br>5. Достапност до информации за туристичките потенцијали на општината<br>6. Број на одржани часови, број на учесници и сертификати |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.2. Природно-културна уникатност на Општина Демир Капија како еко-ено-гастро-културна дестинација** | 1. Проектот подразбира разни активности за поттикнување соработка со локалното население и поврзување на поголем број учесници од локалната самоуправа, комуналното претпријатие, месните заедници и бизнис заедницата.<br>2. Проектот се состои од информираност и едукација на жителите, натпревар на учесниците и децата, уредување на јавните и приватните површини, како и спроведување на комисиско оценување и доделување годишни награди во разни категории (најубав уреден двор, зелена површина, најубав балкон, најубава фасада, или цела улица или дел од населбата, месна заедница и сл.) | Општина Демир Капија | 2020-2024 | 1. Количина на отстранет отпад од јавните површини<br>2. Број на уредени јавни и приватни површини<br>3. Број на учесници во проектот<br>4. Број на учесници во натпреварите<br>5. Број на пријавени проекти во медиумите |
| **3.3. Туристички аранжмани за посета на општината** | 1. Изработка на различни видови туристички аранжмани за посета на општината (како одделни понуди и како составен дел од кружни тури) | Бизнис заедница, туристички агенции, јавен сектор, заинтересирани страни за развој на туризмот | 2020-2021 | 1. Изработени најразлични туристички аранжмани за посета на општината (еднодневни тури, три дневни тури, викенд во Демир Капија, авантуристички, адреналински и кружни вински тури итн.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.4. Истражување на ставовите на туристите и посетителите во Демир Капија** | 1. Спроведување на анкетирање на туристите и посетителите во општина Демир Капија за да се измери нивното задоволство од престојот и посетата | Општина Демир Капија, Маркетинг агенции, Високообразовни институции, бизнис заедница и други едукатори од областа на туризмот и угостителството | 2020-2021 | 1. Број на извршени анкети на домашни и странски туристи и посетители<br>2. Запознавање со ставовите и потребите на туристите<br>3. Подобрување во туристичката понуда |
| **3.5. Организирање на настани и манифестации** | 1. Објавување на програма на настани на почетокот на секоја година<br>2. Покана на истакнати стручни лица од туристичката област за секоја манифестација засебно (фокус според видот на настанот)<br>3. Организација на трибини (рурален туризам, ено-туризам, еко-туризам, активен туризам) и следење на новите трендови во туризмот | Општина Демир Капија, јавен сектор, бизнис заедница, невладини организации, заинтересирани страни за развој на туризмот, меѓународни институции, обрзовни институции, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Министерство за економија – Сектор за туризам и угост. | 2021 | 1. Објавена програма на настани<br>2. Поканети истакнати стручни лица од туристичката област<br>3. Организација на трибини<br>4. Број на учесници<br>5. Заклучоци од трибините |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.6. Изработка на мобилна апликација за општина Демир Капија** | 1. Изработка на мобилна апликација за туристичките потенцијали на општина Демир Капија | Општина Демир Капија, Тело за дестинациски менаџмент, Информатички компании | 2019-2021 | 1. Изработена мобилна апликација<br>2. Број на корисници на апликацијата<br>3. Број на коментари за апликацијата |
| **3.7. Изработка на гастрономска понуда во угостителските објекти** | 1. Збогатување на понудата на гастрономски специјалитети во угостителските објекти<br>2. Изработка на специјално дизајнирани менија според современите тенденции<br>3. Промовирање на националната македонска кујна | Бизнис заедница, заинтересирани страни за развој на туризмот, високо образовни институции, невладини организации | 2019-2020 | 1. Збогатена гастрономска понуда<br>2. Изработени менија<br>3. Промовирана национална кујна и традиционални специјалитети<br>4. Број на клиенти и коментари за храната |

# МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

За успешно следење и реализација на стратегијата потребен е модел за мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата на општина Демир Капија. Моделот е важен, за финална употреба на стратегијата од теоретска во практична гледна точка. На основа на овој модел, идната стратегија може да се дополни во деловите каде што оваа стратегија не е реализирана, да се дадат објаснувања и насоки како би се продолжил туристичкиот развој на општината во континуитет. Во основата на моделот е формирање на Комисија за оцена на стратегијата која го врши мониторингот, евалуацијата и имплементација на стратегијата. Во оваа Комисија треба да влезат членови од сите заинтересирани страни, општина, бизнис заедница, раководители на проекти, донаторски агенции, образовни институции, невладини организации и сл.

## Модел за мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата



# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Агенција за промоција и поддршка на туризмот (2012) Национална стратегија за развој на здравствен туризам 2012-2018. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Богдановска, З. (2013) 140 Години железници во Македонија. Скопје: Музеј на град Скопје.

Будимировиќ, З. (2011) Демир Капија, важна дестинација за трговците со вино низ епохите. Демир Капија: Музеј за вино „Демир Капија".

Глобал Проект Консалтинг (2014) Подстратегија за развој на спортски туризам со акционен план 2015 – 2018. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Глобал Проект Консалтинг (2014) Потстратегија за традиции и настани. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Глобал Проект Консалтинг (2016) Регистар на потенцијали за развој на рурален туризам во Вардарскиот плански регион. Велес: Глобал Проект Консалтинг.

Гогов, Р. (1985) Демир Капија – Монографски приказ. Демир Капија: Месна заедница Демир Капија.

Државен завод за статистика (2016) Анкета за странски туристи - анкета во објекти за сместување. Скопје: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија.

Кол & Партнер (2016) Национална стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија 2016-2020. Скопје: Министерство за економија.

Коруновски, С., Мариноски, Н., Василевска, А., Андреески, Ц., Велковски, З., Николовски, З., Јанкова, В., Ристески, М. (2014) Прирачник за одржлив развој во туризмот со посебен акцент на винскиот туризам во Демир Капија и Флорина. Демир Капија: Центар за едукација и вмрежување во туризмот ЦЕНЕТ.

Малковски, Ѓ. (1998) Демир Капија од праисторијата до денес. Демир Капија: Општина Демир Капија.

Микулчиќ, И. (1996) Средновековни градови и тврдини во Македонија. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Михајловски, Р., Петров, О. (2017) Нови наоди од тврдината Просек, Демир Капија: печатот на Георги Инеот, Севаст и Паракимомен, 1198 година. ПАТРИМОНИУМ.МК, 10 (15), 227-232.

Соколовска, В. (2014) Античка Демир Капија I. Скопје: Porta Archaelogica.

Таргет Комуникации (2012) Национална стратегија за развој на руралниот туризам 2012-2017. Скопје: Министерство за економија.

Таргет Комуникации (2014) Подстратегија за развој на „MICE" (конгресен) туризам. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Трповски, В. (2017) Македонија: спортско качувачки водич - Матка, Демир Капија, Охридско Езеро, Преспанско Езеро, Плоча, Пелистер, Маврово, Кадина. Скопје: Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Центар за развој на Вардарски плански регион (2014) Програма за развој на Вардарскиот плански регион 2015-2019. Велес: Центар за развој на Вардарски плански регион.

Центар за развој на Вардарски плански регион (2014) Стратегија за локален економски развој на Општина Демир Капија 2015-2020. Велес: Центар за развој на Вардарски плански регион.

Центар за развој на Вардарски плански регион (2016) Регионална стратегија за иновации на Вардарскиот плански регион до 2020 година. Велес: Центар за развој на Вардарски плански регион.

ДЕМИР КАПИЈА

ТУРИСТИКА

